**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**Државен завод за статистика на Република Македонија**

---

# СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ISCED 97 (МЕЃУНАРОДНА СТАНДАРДНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО 97)

**СКОПЈЕ , 2002 година**

---

**П Р Е Д Г О В О Р**

Меѓународната стандардна класификација на образованието е осмислена од страна на UNESCO уште во почетокот на 70-тите години, како соодветен инструмент за процена, обликување и претставување на статистичките податоци во секоја земја одделно, а исто така и на меѓународно ниво. Како таква е создадена ISCED 76 .

Со текот на годините искуствата покажале дека има потреба од осовременување и ревидирање на класификацијата.

Заради обезбедување стандардизирана примена и заради насочување на напорите кон засилување на статистичката инфраструктура во образованието во земјите во развој, на 29-тата седница на Генералното собрание на UNESCO усвоена е ревидираната верзија ISCED 97 (Меѓународна стандардна класификација на образованието 97).

Меѓународната стандардна класификација на образованието е создадена со цел да се подобри квалитетот, компаративноста и стратешкото значење на статистиката за образованието и индикаторите сведени на меѓународно ниво во однос на различните аспекти на образованието и обуката како што се: уписот, човечките и финансиските ресурси и образовните придобивки.

Освен тоа, во прилог на оваа класификација се наоѓа уште еден документ - О*перативен прирачник - Полиња (подрачја) на образование и обука*, кој содржи упатства за толкување и практична примена на ревидираната класификација на образованието ISCED 97 т.е. содржи кодекс со точен опис на тоа како образовните програми / групи на предмети се класифицираат во разни наставни подрачја.

С к о п ј е | Д и р е к т о р

.................. | ...................................

# В О В Е Д

ISCED 97 е создадена да послужи како соодветен инструмент за прибирање, средување и претставување на споредливи показатели и статистички податоци за образованието како на државно, така и на меѓународно ниво .

ISCED ги опфаќа сите видови на организирани и континуирани типови на образование на деца, адолесценти и возрасни, вклучувајќи ги и оние со специјални потреби, без оглед на институцијата што го обезбедува образованието и без оглед на тоа во која форма се обезбедуваат .

ISCED ги класифицира образовните програми според содржината по две главни оски :

- степени на образование и
- полиња (подрачја) на образование.

Со текот на времето (почнувајки од старата ISCED 76) правилата и критериумите за поврзување на програмите со одреден степен на образование се рационализирани од 9 на 6 степени , а полињата на образование-студирање се проширени од 21 на 25 полиња.

Класификацијата ISCED 97 може да се употреби за собирање на извештаи од различни аспекти на образованието од интерес за носителите на економската политиката и за други корисници .

Со Препораката на Генералното собрание на UNESCO е назначено дека: не е задолжително земјите членки на UNESCO да го напуштат својот национален систем на образованието. Задолжително е единствено да изработат систем на сведување на националните податоци на меѓународни за која цел е изработен и овој документ.

Меѓународната стандардна класификација на образованието треба да претставува цврста врска помеѓу образованието и вработеноста заради полесно планирање на образованието во функција на вработеноста . Во таа смисла, класификацијата на образованието е најблиска до Меѓународната класификација на занимања иако секоја од нив претставува независен систем разработен со одредена цел и според одредени критериуми. Овие класификации се поврзани со тоа што секоја образовна програма е насочена кон одредено занимање .

# ДЕФИНИЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Во рамките на Меѓународната стандардна класификација на образованието -ISCED 97, терминот ОБРАЗОВАНИЕ ги означува сите намерни и систематски организирани активности конципирани да ги задоволат потребите за учење . Образованието подразбира организирана и постојана комуникација обезбедена со цел да се овозможи учење и тоа :

-" Комуникација" - однос помеѓу две или повеќе лица што го вклучува преносот на информации (пораки, идеи, знаења, стратегии и др.) Комуникацијата може да биде вербална, невербална, директна или индиректна ;

-"Организирано"- што значи да се изведува според утврдени шеми и правила во склад со претходно формулираните цели или образовни програми. Овој термин претпоставува постоење на институција која организира учење;

-"Постојана (трајна)" - што значи дека во процесот на образование постојат елементи на траење и континуитет ;

- Поимот "учење" што значи подобрување на знаењето, поимањето, информираноста, ставовите, вештините и способностите што не е последица ниту на физичкиот развој на поединецот, ниту пак на спонтано унапредување на неговите вродени особини .

Елементот на "учење" е присутен во секој образовен процес, но има многу облици на учење кои не претставуваат образование во смисла на оваа дефиниција. Така на пример, од подрачјето на образованието исклучени се: рекреативните, спортските, туристичките и сличните активности. Самообразувањето, образованието што се стекнува во кругот на семејството како и секое повремено образование, не е опфатено во дефиницијата на образованието затоа што иако содржат елементи на "учење", не ги содржат сите останати елементи на дефиницијата, т.е. континуитет и организираност во кои се јавуваат институциите или наставниците како организатори на образованието. Така, според дефиницијата исклучени се и сите повремени образовни активности, како на пример повремени предавања, јавни состаноци, дискусии и сл.

Оттука, ISCED ги опфаќа сите видови на организирани облици на образование без оглед дали се од јавен или приватен карактер, сите видови редовно образование, образование за возрасни, формално и неформално образование , почетно образование, континуирано образование, дописно образование (distance education), доживотно образование (LLL-long life learning - можност за образование до крајот на животот), вонредно образование, професионално- техничко образование, образование за оние со специјални потреби .

Во ISCED се опфатани сите категории на ученици без разлика на нивната возраст, на нивните психички и физички способности .

## КАКО ФУНКЦИОНИРА ISCED

ISCED обезбедува интегрална и константна статистичка рамка за средување и презентирање на меѓународно споредливи податоци за образованието.

Со примената на ISCED се олеснува трансформацијата на националните статистички податоци за образованието во агрегирани категории кои се меѓународно споредливи и кои можат да бидат интерпретирани .

## ТЕРМИНОТ ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА ВО ISCED

Основна единица за класификација во ISCED е "образовната програма". Образовните програми се дефинирани врз основа на нивните образовни содржини, како палета или редослед на образовни активности организирани со цел да се реализира определена цел или специфични цели на образовни задачи, што водат до една крајна точка што се потврдува со награда, признание, свидетелство, сертификат или диплома.

На образовните програми се врши вкрстена класификација во однос на степените и полињата на образование, со тоа што секоја променлива е независна. Затоа, секоја образовна програма може да биде класифицирана во само една единствена келија од матрицата за степени и полиња. Ова значи дека една комбинација на степен и поле е единствена и може да постои само еднаш и не повеќе.

## СТЕПЕНИ НА ОБРАЗОВАНИЕ

Во сите земји постои организиран систем на образование почнувајќи од влезот во основното образование, па се до високото образование и до докторската титула .

Поимот степен - ниво на образование претставува збир на знаења, вештини и способности содржани во една образовна програма. Секое ниво (степен) е поврзано со степенот на сложеноста на содржината на програмата.

Степенот на образование претставува конструкција базирана врз премисата дека образовните програми може да се групираат во подредени категории што ги одразуваат знаењата, вештините и способностите. Колку што е повисок степенот на образование, толку се покомплексни програмите, толку се покомплексни и знаењата.

За да се изврши класификација на образовните програми потребно е постоење на одредени *критериуми* претставени во Табела 1 во

која се употребени термини од областа на образованието кои се употребуваат во ISCED 97, како и термини од нашиот систем на образование. Критериумите може да бидат клучни: минимална возраст, максимална возраст , типични квалификации за упис, минимум барања за упис, времетраење на програмата, содржина, вид на сертификатот што се добива и помошни критериуми квалификации на наставничкиот персонал, влез во национално назначени институции, задолжително образование и др. Во оваа смисла, значајно е, овие критериуми да бидат применети на таков начин што нема да се исклучуваат туку ќе се надополнуваат. Потоа се одредува степенот на програмата .

Со цел да им се помогне на корисниците во соодветното класифицирање на образовните активности и програми и во обезбедувањето на сигурни средства во собирањето на податоци и пресметувањето соодветни и споредливи индикатори, направена е поделба на помали делови на дадените степени, на А и Б. На пример, нивото 5 е разложено на степен 5А и 5Б со употребата на три независни варијабли, наречени комплементарни димензии - вкупно времетраење на програмата, национален степен и квалификациона структура и вид на програмата. Овој вид на разложување ги олеснува многуте видови на вкрстена класификација и обезбедува повеќе соодветни споредливи индикатори .

Примарен критериум за класификацијата ISCED е образовната содржина. Од фундаментално значење е, да не се ползуваат институционалните одлики на националните програми како супститути за образовните содржини бидејќи факт е дека тие обично не се меѓународно споредливи. Затоа се бара флексибилност при примената на критериумите за одредување на нивото на една образовна програма. Иако главна цел на ISCED е да промовира систем на споредливи податоци за образованието за различно групирани програми, јасно е дека национално нееднаквите услови може стриктно да се врзат за дефинирањето на степенот . На пример, годините на почеток и времетраењето. Прво, назначено е дека годините за почеток во предучилишното образование (кога се почнува со минимални образовни активности) е 3 години и ова не дозволува помали деца да земат учество во него. Второ, времетраењето на ISCED1 назначено е дека е 6 години редовно школување. Ова автоматски не значи дека земјите со 7 годишно основно образование ќе мора да направат одделни статистики. Секое времетраење во ISCED е дадено како ориентација, а можни се и варијации. Вакви примери се валидни и за степените 2 и 3 .

Во врска со формулирањата на образовните степени важно е и дефинирањето на овие термини :

-видот на подоцнежното образование или целта (дестинацијата): видот на подоцнежното образование или целта кои што ќе им бидат достапни на оние кои го завршиле образованието и типот на образование потребно за определени позиции-работни места на пазарот на трудот ;

-програмска ориентација : подразбира степен на кој програмата е ориентирана преку специфични класи на занимања или занаети (генерално-општо или стручно образование).

**Табела 1:**
**ПРЕГЛЕД НА СТЕПЕНИТЕ - НИВОАТА НА ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД ISCED '97**

| Како да се одреди нивото на програмата | | Назив на нивото | Степен | Комплементарни димензии |
|---|---|---|---|---|
| Стандардни критериуми за содржината | | | | |
| **Клучни** | **Помошни** | | | |
| Образ. својства<br>Училиште /центар<br>Минимум возраст<br>Макс. возраст | Квалификации на<br>персоналот | Предучилишно образование и воспитание (Предучилишно образование) | ISCED 0 | Нема |
| Почеток на систематско усвојување на читање, пишување и математика | Влез во национални назначени<br>институции / програми за<br>Основно образование<br>Почеток на задолжително образование | Основно образование I-IV одделение (Прва фаза на основното образование) | ISCED 1 | Нема |
| Презентација на предмети<br>Целосна примена на осн. вештини и основите за доживотно учење | Влез по максимум 6 години основно образование<br>Крај на циклусот по максимум 9 г. основно образов.<br>Крај на задолжителното образование<br>Повеќе наставници даваат часови по нивна спец. област | Основно образование V-VIII одделение (Пониско средно образов.- Втора фаза на основното образование) | ISCED 2 | Тип на последователно образ. или цел<br>Програмска ориентација |
| Типична квалиф. за упис<br>Минимум барања за упис | | Средно образование. (Повисоко средно образование) | ISCED 3 | Тип на последователно образ. или цел<br>Програмска ориентација<br>Акумулирано траење од почеток на ISCED степен 3 |
| Типична квалиф. за упис<br>Услови за упис<br>Содржина,<br>Возраст,<br>Времетраење | | Специјалистичко образование-но не високо (Пост-секундарно, но не и високо образование) | ISCED 4 | Тип на последов. образ. или цел<br>Акумул. траење од почеток на ISCED ниво 3<br>Прогр. ориентација |
| Типична квалификација за упис<br>Вид на сертификат што се доделува | | (Више,високо образование магистратура и специјалист (Прва фаза на високото образ.- не води директно до истакната истражувачка квалификација) | ISCED 5 | Видови програми<br>Теоретско акумул. траење во установа за високо образование<br>Национален степен и квалифик.структура |
| Содржина заснована на истражувачка работа, поднесување на теза или | Подготовка на дипломци за наставни и<br>истражувачки звања-титули | Докторат (Втора фаза на високото образ. - води до истакната истражувачка | ISCED 6 | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дисертација | | квалификација) | | |

Значи, за меѓународната статистика на образованието да биде ефективно искористена од страна на творците на политиката, аналитичарите, јавноста и другите корисници, образованието мора да биде базирано на стандардна терминологија, концепции, дефиниции и класификации.

Без ова за компаративна статистика не може ни да се размислува, а уште помалку да се постигне.

Затоа во Државниот Завод за статистика поаѓајќи од Меѓународната стандардна класификација на образованието ISCED 97 и со помош на експерти од оваа област е изработен систем за сведување на податоците од нашиот систем на образование со меѓународната стандардна класификација и притоа е изработен ДИЈАГРАМ на степени на образование.

Во продолжение ќе бидат презентирани поодделните степени на образование при што ќе бидат употребени термини за образование кои се употребуваат во ISCED 97, како и термини кои се употребуваат во системот на образование во нашата земја, и тоа:

ISCED СТЕПЕН 0: - Предучилишно образование, што одговара на предучилишно воспитание и образование во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 1: - Основно образование - Прва фаза , што одговара на основното образование од I - IV одделение во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 2: - Основно образование - Втора фаза или пониско средно образование, што одговара на основното образование од V - VIII одделение во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 3: - Повисоко средно образование, што одговара на средното образование во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 4: - Пост средно - не високо образование, што одговара на специјалистичко стручно образование после средното образование во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 5: - Терцијално образование, што одговара на више образование, високо образование и образование за специјалист и магистер во нашиот систем на образование;

ISCED СТЕПЕН 6: - Докторат, што е исто како и нашиот систем на образование.


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
0
ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ
Возраст 3 до 7
Времетраење 4 години
1
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
I-IV одделение
Возраст 6 или 7 до 10 или 11
Времетраење 4 години
2А
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
V-VIII одделение
Возраст 10 или 11 до 14 или 15
Времетраење 4 години
2Б
ОБРАЗОВАНИЕ за ВОЗРАСНИ
Возраст 15 и повеќе
Времетраење мах 4 години
2Ц
НЕ ПОСТОИ
3А
СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
Општо образование
Возраст 14 или 15 до 18 или 19
Времетраење 4 години
Стручно образование
Возраст 14 или 15 до 18 или 19
Времетраење 4 години
Верско образование
Возраст 14 или 15 до 19 или 20
Времетраење 4-5 години
3Б
НЕ ПОСТОИ
3Ц
СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
Стручно образование
Возраст 14 или 15 до 17 или 18
Времетраење 3 години
Стручно оспособување
Возраст 14 или 15 и повеќе
Времетраење мах 2 години
4А
НЕ ПОСТОИ
4Б
-
4Ц
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО СТРУЧНО образование (не високо)
Специјалистичко образование
Возраст 18 или 19 и повеќе
Времетраење 1 година
5А
-
ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ МАГИСТРАТУРА и СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА
Универзитетско образование
Возраст 18 или 19 до 24 или 25
Времетраење 4 до 6 години
Специјализација
Возраст 22 или 23 до 24
Времетраење 1 година
Магистратура
Возраст 22 или 23 до 25 или 26
5Б
ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ
Више образование
Возраст 18 или 19 до 21 или 22
Времетраење 2 до 2,5 години
Прв степен на студии
Возраст 18 или 19 до 21 или 22
Времетраење 2 до 3 години
6
ДОКТОРАТ
Возраст 26 и повеќе
Времетраење 1 година

**∗) Системот на образование во РМ сведен на ISCED 97**

## ISCED СТЕПЕН 0
## ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ
## ( ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ )

Оваа категорија на образование е првиот степен на организирана настава и како што неговото име кажува, е одреден за упатување во основното образование .

Овие програми воопшто не се задолжителни, но придонесуваат за интелектуално разбудување на децата над 2 годишна возраст до возраста за почнување на основното образование, и имаат за цел да се направат мост помеѓу домашната и училишната средина.

Самиот наставен план има намера да ги запознае децата со животот во општеството и нивна цел е да ги подготви да учат читање, пишување и математика со развивање на нивните способности во јазикот, перцепирање низ развивање на вештините во цртање, во боење, моделирање, пеење , играње и слично.

Овие програми воопшто не се задолжителни, но придонесуваат за интелектуално разбудување на децата над 2 годишна возраст до возраста за почнување на основното образование .

Овие програми повеќе се однесуваат на социјалниот, менталниот и физичкиот развој на малите деца преку разни видови активности и треба да се разграничат од јаслите каде што само се води згрижување на малите деца додека нивните родители се на работа .

Во предучилишното воспитание и образование, преку употреба на разни методи за играње и специјално обезбедени играчки, децата постепено се наведуваат да почнат со броење, пишување и читање.

За предучилишното воспитание и образование потребна е педагошка квалификација на наставниот кадар, за разлика од детското згрижување (јасли) каде се бара завршено средно медицинско образование.

Предучилишното воспитание и образование може да се врши во детски градинки и забавишта, како посебни установи за предучилишно образование и воспитание, или пак во забавишта во рамките на училиштата за основно образование .

По правило, во предучилишното образование и воспитание би требало да се вклучат и децата со пречки во психичкиот и физичкиот развој, меѓутоа ваквите групи се уште не постојат во нашата држава .

Според класификацијата ISCED 97, овој степен на образование не го вклучува образованието за возрасни.

## ISCED СТЕПЕН 1
## ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД I - IV ОДДЕЛЕНИЕ
## ( ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - ПРВА ФАЗА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ)

Во суштина, во овој степен на образование се вклучуваат деца на 7- годишна возраст, но не и помлади деца од 5 години.

Овој степен на образование, во нашата држава, трае 4 години како прва фаза од основното образование.

Образовните програми се создадени да им дадат добра основа на учениците во читање, пишување и математика, како и елементарни познавања по другите предмети како што се национална историја, географија, природни науки, општествени науки, уметност и музика. Во некои држави, во овој вид на образование е вклучена и веронауката што не е случај со нашата земја.

Образовните програми од овој степен се општо образовни и претставуваат систематска настава типична за основното образование, каде што на децата им се овозможува да стекнуваат основни знаења и умеења во областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки, за човекот, техничките средства, информатичката технологија, физичко и здравствено образование и уметностите .

Во образованието се содржани образовни и воспитни аспекти. Затоа, основното образование треба да биде организирано и водено на најпогодни начини за да влијае на развојот на сознајните способности на учениците, на развојот на нивните општи интелектуални способности, како и на другите особини како што се развивање на самостојно и творечко мислење, развивање способности за стекнување нови знаења, умеења и навики .

Со Уставот на Република Македонија и Законот за основно образование , основното образование е задолжително и достапно за сите деца. Притоа, со Законот за основно образование се дефинирани клучните сегменти во системот на основното образование, па затоа во програмските основи се редефинираат целта, задачите, теоретските основи и принципи на основното образование во сообразност со промените на економскиот и политичкиот систем, нашето искуство, традициите и современите тенденции во образованието.

Наставниот персонал во овој степен на образование потребно е да биде со високошколска наобразба. По правило, во основното образование од I-IV одделение предаваат еден или двајца наставници за сите предмети.

Во овој степен на образование вклучени се и децата со пречки во психичкиот и физичкиот развој поаѓајќи од начелата за воспитание, образование и оспособување за живот на сите деца , за нивна интеграција во образованието со користење флексибилни облици во образованието и

компензаторски процес, интердисциплинарност, стручна компетентност и одговорност, институционална грижа за развој на децата и сл. Така, кога се во прашање лесни пречки во развојот, тие деца се вклучуваат во редовните паралелки во основните училишта, а во случаите кога има потреба и кога се работи за потешки оштетувања кај децата, тие се вклучуваат во посебни (специјални) училишта или во паралелки за посебно (специјално)основно образование при редовните училишта. Наставните планови и програми за децата со пречки во развојот се базираат на редовните образовни програми, но со извесна модификација (адаптација во зависност од видот и степенот на оштетувањето-попреченоста).

Во овој степен на образование, во согласност со Законот за основно образование, вклучени се и возрасните - програми за описменување за оние кои се премногу стари да се вклучат во редовното основно образование .

## ISCED СТЕПЕН 2
## ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД V-VIII ОДДЕЛЕНИЕ (ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ВТОРА ФАЗА или ПОНИСКО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Содржината на овој степен на образование е типично осмислена за надополнување на елементарното - основното образование и се изведува во истите образовни институции како и образованието од СТЕПЕН 1. Во повеќето земји, а исто така и кај нас , целта на образованието е да ги постави темелите на доживотното учење (можност за образование до крајот на животот).

Во нашата земја овој степен на образование трае 4 години и е втора фаза од основното образование .

Завршувањето на овој степен 2 се совпаѓа со завршувањето на задолжителното образование што е предвидено со Уставот на Република Македонија и Законот за основното образование.

Програмите на овој степен најчесто се ориентирани кон предметна настава, со поголем број специјализирани (поквалификувани) наставници кои спроведуваат настава во нивното поле на специјализација.

Програмите предвидуваат продлабочени знаења по математика, изучување на мајчиниот јазик и литература, изучување на други модерни јазици и почеток на изучување на природните науки како хемија, биологија и географија, потоа физика, историја, музика, уметност, почетно изучување на информатика и др.

Во овој степен на образование програмите се општо образовни (теоретски) и имаат за цел да придонесат за интелектуален и социјален развој на личноста и да го подготват ученикот за влез во повисокиот степен на образование .

Со оглед на тоа што програмите од овој степен се општо образовни ги класифицираме во СТЕПЕН 2А.

Основното музичко и основното балетско образование исто така, влегуваат во овој степен на образование. Притоа, оваа дејност се остварува во посебни училишта за музичко и балетско образование за ширење на музичката и балетската култура и за подготвување на учениците за натамошно образование во овие области на уметноста . Овде треба да се води сметка да не дојде до дупло опфаќање на истите ученици во редовните училишта и во уметничките училишта со оглед на тоа што овој вид на образование е дополнително образование.

Специјалните основни училишта ( посебни основни училишта) се институции за воспитување и образование на ученици со пречки во психичкиот и физичкиот развој каде што мора да постои посебна внатрешна организација на наставата сообразена на способностите на учениците за перманентно утврдување и применување на здобиените знаења, вештини и навики. Овој степен на образование се изведува во истите образовни институции како и образованието од СТЕПЕН 1.

Во овој степен на образование треба да се вклучи и образованието на возрасни - програми за описменување на лица кои не можат да се вклучат во редовното образование. По правило, образовните програми за возрасни поаѓаат од редовното образование, но се редуцирани и регулирани со Законот за основното образование и подзаконските прописи. Така преку одржување на часови во склоп на редовните основни училишта или во посебни институции за возрасни, на возрасните им се пренесува основното образование потребно за натамошно школување. Овој вид на образование го класифицираме во СТЕПЕН 2Б со оглед на тоа што образовната програма е пократка и лицата кои ќе го завршат ова образование претендираат кон стручно оспособување и обука на третиот степен, но почесто кон пазарот на трудот.

Образованието од овој степен 2, по правило се врши во истите образовни институции како и образованието од претходниот степен 1, а наставниот кадар е потребно да има завршено соодветен наставнички факултет .

Со завршувањето на оваа четиригодишна програма (со завршувањето на осмо одделение), се доделува свидетелство за завршено основно образование кое заедно со успешното полагање на тестовите за проверка на знаењата на учениците е услов за влез во повисокото образование.

Со оглед на тоа што ова образование е задолжително, интенција на државата е да обезбеди целосен опфат на сите деца од соодветната возраст за посетување на основното образование .

## ISCED СТЕПЕН 3
## СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
## (ПОВИСОКО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

По завршувањето на основното образование (кое е задолжително), образованието продолжува на третиот степен.

Средното образование (степен 3), има за цел да ги подготви младите за натамошно образование, работа и живот во услови на брз развој на науката и технологијата и промените во општествениот живот. Оваа цел се постигнува со оспособување за усвојување знаења, стекнување умеења и навики што се надградуваат на основното образование и претставуваат основа за продолжување на образованието и вклучување во процесите на трудот, низ систематско развивање на индивидуалните физички и интелектуални способности. Еден дел од генерацијата се подготвува за продолжување на образованието на високошколските установи и за стекнување највисоко стручно и научно образование, а дел во разните области на економскиот и јавниот сектор во сообразност со потребите и со научно-технолошкиот и општествено-економскиот развој .

Учениците го почнуваат редовното средно образование на возраст од 14 или 15 години и тоа трае до нивната 17 до 19-годишна возраст во зависност од видот на програмите (три, четири или пет-годишни програми).

Во овој степен на образование се забележува поголем степен на специјализација, па затоа и наставниот персонал мора да има високо образование со поспецијализирани квалификации во однос на претходниот степен.

Средното образование се реализира во јавни и приватни училишта. Јавните училишта можат да бидат државни и општински и како институции од јавен интерес се финансираат од страна на државата, додека во приватните училишта кандидатите сами си ги поднесуваат трошоците за школување.

Средното образование се реализира како :

- гимназиско образование и
- стручно образование (професионално-техничко ).

Според тоа, средното образование во нашата земја се врши во средни училишта-гимназии (за средно општо образование) и средни стручни училишта (за професионално-техничко образование), во согласност со Законот за средното образование.

*Гимназиското образование* програмски се надоврзува на основното, има општо образовен карактер, се темели првенствено врз усвојување на знаења од фундаменталните и од нив изведените науки, а се стекнува во текот на четиригодишното школување во гимназиите од општ тип.

Основна функција на гимназиското образование е темелна подготовка на младите за успешно вклучување и завршување на високото образование и за натамошно перманентно образование. Во таа смисла гимназијата делува како современо општо образовно училиште со задача, на учениците да им овозможи продлабочено и пошироко знаење од областа на науките што имаат фундаментално значење и да развива кај нив таков начин на научно мислење и таква методологија на работа што се својствени на соодветните научни дисциплини, односно наставните предмети, што можат да се усвојат на тој степен и на таа возраст.

Гимназиското образование во основа е општо образовно (до 75%) и поаѓајки од ISCED 97 ние го класифицираме во СТЕПЕН 3А.

Гимназиското образование се диференцира во три наставни подрачја: општа, приподно-математичка и јазична гимназија, кои имаат еднаква проодност кон високото образование. На крајот на четиригодишното гимназиско образование се спроведува полагање на матура

Во рамките на средното образование влегува и *средното уметничко образование.* Овој вид на средно образование се базира врз потребата уметничкото образование континуирано да се стекнува и негува почнувајќи од основното образование. Врз основа на оваа определба се стекнува средно уметничко образование за уметничка струка, односно за насоките во уметничката струка: применета уметност, музичка уметност и балетска уметност. Уметничкото образование завршува со полагање на матура. Поаѓајки од ISCED, овој вид на образование го опфаќаме во СТЕПЕН 3А земајки ги во предвид критериумите за должината на образовната програма и тоа што образованиeто продолжува на универзитетскиот степен (ISCED 5).

*Стручното образование* продолжува по основното образование и се темели пред се врз усвојување на знаења, умеења и навики од науките кои имаат апликативна вредност, а се стекнува во текот на четиригодишно или тригодишно образование во средните стручни училишта.

Основна функција на стручното образование е подготовка на младите за работа или за продолжување на образованието. Ваквата функција на стручното образование се остварува низ реализирањето на основната цел на овој вид образование - обезбедување услови за стекнување и усвојување на општи и стручни знаења, умеења и навики засновани на современите достигања на науката и техниката, технологијата и стручната практика, како и професионално оспособување на учесниците за извршување на различни работи и задачи во сферата на трудот во согласност со современите барања на сегашната и проектираната технологија на работата, економскиот и јавниот сектор кај нас и во развиениот свет.

Учениците уште во првата година се одлучуваат за образовниот профил што се дефинира како збир на општи и стручни содржини од различни теоретски и применети дисциплини со кои се обезбедува оспособеност за определено подрачје на работа и за сложеноста на работите во него, односно знаења потребни за натамошно образование. Со дефинирањето на образовните профили се остварува функционална врска и

единство помеѓу сферата на трудот - економскиот и јавниот сектор (корисници на трудот ) и образованието кое ги подготвува и оспособува тие кадри.

Со оглед на тоа што поделбата на трудот во сите процеси на производство се менува често и зависи од организацијата на работата и од примената на новите технологии, како и со оглед на нашите општествени потреби за рационализација на стручното образование  и поголема подвижност на кадрите по неговото завршување, определба е да се дефинираат широки образовни профили кои даваат темелна стручна образованост од поголем број занимања (за уште поголем број на работни места ).

Сите образовни профили, во зависност од карактеристиките на работата, односно од карактеристиките и сродноста на образовните профили, се распоредуваат во една од наведените струки или групи струки:

- земјоделска;
- ветеринарна;
- земјоделско-ветеринарна;
- прехрамбена;
- шумарска;
- дрвопреработувачка;
- геолошка;
- рударска;
- металуршка;
- машинска;
- електротехничка;
- хемиско-технолошка;
- производно-процесна;
- текстилна;
- кожарска;
- графичка;
- лични услугие
- геодетска;
- градежна;
- градежно-геодетска;
- сообраќајна;
- трговска;
- угостителско-туристичка;
- економска;
- правна;
- економско, правна и трговска;
- уметничка;
- здравствена;
- физичка култура.

Во овој вид на образование паралелно и во меѓусебна поврзаност се остваруваат општото и стручното образование (со поголемо

учество), во функција на задоволување на целта и задачите на средното образование и на оформувањето на образовните профили.

Во четиригодишното стручно образование учеството на општото образование е 40 %, а кај тригодишното стручно образование 35%. Основна функција на општообразовното подрачје е натамошно подигање на општата култура и подготовка за натамошно образование, како и пошироко засновување на оспособувањето за работа (бидејќи дел од предметите се во функција на обезбедување минимум општообразовен стандард на одделни видови стручно образовани ).

За проверка на остварувањето на целта и задачите на стручното образование, за сите образовни профили во траење од четири години се спроведува полагање на завршен испит или матура, а за оние со тригодишно траење само завршен испит со практична работа.

Во нашата земја постои и средното верско образование кое се изведува во посебни образовни институции, по посебни наставни програми и е со времетраење од 5 години (средното православно образование) и со времетраење од 4 години ( средното исламско образование). Според класификацијата ISCED 97 мора да се опфати и овој вид на образование и тоа како средно стручно образование и го класифицираме во СТЕПЕН 3А.

Сите општообразовни програми во траење од 4 години: гимназиското и четиригодишното стручно образование, како и верското образование имаат директен пристап до понатамошното образование на повисок степен и ги класифицираме во СТЕПЕН 3А.

Сите тригодишни стручни програми не водат на патот кон повисокиот универзитетски степен, затоа ги класифицираме во СТЕПЕН 3Ц. Сите ученици кои ќе го завршат овој вид на стручно образование (тригодишното) можат или да го доврштат четиригодишното стручно образование, па да продолжат на повисок степен на образование, или да се јават на пазарот на трудот и после работно искуство од две години во струката да го завршат специјалистичкото стручно образование.

Во степенот 3Ц ги вклучуваме и сите ученици кои по завршувањето на основното образование одат на *стручно оспособување* во траење до 2 години. Овој вид на образование го стекнуваат во истите институции каде што се врши средното стручно образование и тоа како вонредни ученици. Стручното оспособување се карактеризира со релативно мали барања во поглед на општото образование, а содржината е релативно функционално насочена кон конкретните потреби на работните процеси, што условува да се организира за искажани конкретни кадровски потреби. Стручното оспособување има функција да ги оспособи кандидатите за вршење на едноставни работи составени од помал број различни и краткотрајни операции кои што можат да се вршат со едноставни постапки и средства за работа.

И *средното образование за ученици со пречки во развојот* се опфаќа во СТЕПЕН 3Ц. Во принцип, наставните планови и програми за овие ученици произлегуваат од редовните наставни планови и програми со нужна адаптација која зависи од видот и степенот на попреченоста. Примарно

прашање за програмирање и организација на средното образование за учениции со пречки во развојот е селекцијата на профилите и занимањата за кои учениците ќе можат да се определат во зависност од видот и степенот на попреченоста.

## ISCED СТЕПЕН 4
## СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ( ПОСТ-СРЕДНО, НЕ УНИВЕРЗИТЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ)

Поаѓајки од критериумите во ISCED 97, а во согласност со нашиот образовен систем, пост-средното образование во нашата земја го класифицираме во СТЕПЕН 4Ц. Исто така поаѓајки од критериумите во ISCED 97, степените 4А и 4Б во нашата земја не постојат.

Во овој степен на образование влегуваат лицата со 18 или 19 годишна возраст и повеќе, и имаат соодветно работно искуство од најмалку 2 години во струката.

Овие образовни програми не се ориентирани кон теоретските аспекти на одделни дисциплини, туку на стручна и практична примена на знаењето.

*Специјалистичкото образование* има функција да обезбеди продлабочени знаења и умеења и попродлабочено оспособување за работа со покомплексна и посложена технологија или специјализирани висококвалитетни услуги (технолошка специјализација); да оспособи за организирање на работа и за раководна функција на прво ниво (надзорничка специјализација); да оспособи за инструирање и менторство (инструктивна специјализација).

Поаѓајки од основната функција на занимањата што влегуваат во определен образовен профил, во специјалистичкото образование се јавуваат 3 типа на образовни профили: технолошки, надзорнички и инструкторски.

Специјалистичкото образование се организира врз основа на искажани образовни и кадровски барања и потреби, а по неговото завршување се полага специјалистички испит чија содржина се утврдува со посебни програмски документи.

Овој вид на стручно образование се изведува во истите институции во кои се изведува средното стручно образование.

## ISCED СТЕПЕН 5
## ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ , ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ , ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИ И МАГИСТРИ
## (ПРВА ФАЗА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ - НЕ ВОДИ ДИРЕКТНО ДО ИСТАКНАТА ИСТРАЖУВАЧКА КВАЛИФИКАЦИЈА

Со претходно успешно завршување на средното образование (положена матура) и успешно положен приемен испит, со возраст од 18 до 19 години, учениците влегуваат во повисокиот степен на образование и притоа се одлучуваат за високо или више образование.

Програмите од овој степен се остваруваат на универзитети, а самото студирање може да биде редовно или вонредно.

Во овој степен се опфатени образовните програми за више образование, високо образование и образованието за специјалист и магистер.

*Високообразовните програми* се со поголем акцент на теоретскиот аспект и главно имаат за цел да обезбедат образовно ниво потребно за влез во професија во која се бара висока стручност или квалификација доволна за влез во сложени истражувачки програми. Овие програми ги класифицираме во СТЕПЕН 5А и се со времетраење од 4 до 6 години и тоа:

- со времетраење од 8 семестри се: - природно математички факултет, економски факултет, правен, филозофски, филолошки, педагошки, факултет за учители и воспитувачи, факултет за туризам и угостителство, факултет за физичка култура, рударско-геолошки, земјоделски, шумарски, факултет за драмски уметности, факултет за музичка уметност, факултет за ликовни уметности и православниот богословски факултет ;
- со времетраење од 9 семестри се: - архитектонски факултет, градежен факултет, машински, електро-технички, технолошко-металуршки, и технички факултет ;
- со времетраење од 10 семестри се: - фармацевтски факултет и ветеринарен факултет и
- со времетраење од 12 семестри се: - медицински и стоматолошки факултет .

Овде се вклучени образовни програми што покриваат различни предмети со цел да обезбедат поширок спектар на знаења во однос на теоријата, аналитичките методи, и студии на полето на општествените науки, природните науки, техниката и нивни апликации. Во повеќето земји, а и кај нас, во првата, па дури и во втората година од студирањето, образовните програми се поопшти, за во треттата, четвртата и т.н. да се на повисок степен на стручност . Во таа смисла, на одделни факултети има и повеќе насоки на студирање.

Исто така, по потреба, се запишуваат студенти на интердисциплинарни студии за заштита при работа (при машинскиот факултет) и интердисциплинарни студии по инженерство на животната средина (при природно-математичкиот факултет) со времетраење од 8 семестри.

За успешно завршување на високото образование се добива диплома за дипломирано стручно лице во соодветната област .

За разлика од високообразовните програми, образовните програми во *вишето образование* и во *првиот степен на студии* се пократки и со посебен акцент на специфичните стручни вештини потребни за

пазарот на труд . Со оглед на времетраењето и содржината на програмата, нив ги класифицираме во СТЕПЕН 5Б.

Овие образовни програми можат да бидат со времетраење од 4 или 5 семестри и тоа: виша медицинска школа, виша земјоделска школа, прв степен на економски факултет, прв степен на правен факултет и прв степен на факултет за туризам и угостителство, со времетраење од 4 семестри (или 2 години), додека со времетраење од 5 семестри се: - прв степен студии по градежништво, машинство, електротехника, индустриски менаџмент и прв степен на медицински факултет ( радиологија) .

Содржината на програмите на степенот 5Б се ориентирани кон практиката, т.е. кон специфичните струки. Тие се главно наменети за совладување на практичните вештини од страна на учесниците со цел да се здобијат со познавања потребни за вработување за одредено занимање, занает или група занаети.

Успешното завршување на овие образовни програми резултира со доделување на квалификација од значење за пазарот на трудот или ако лицето повторно се врати на факултет, со довршување на студиите се добива повисока диплома за завршен факултет.

Во ISCED СТЕПЕН 5А опфатени се исто така и образовните програми на постдипломските студии за *специјалист* и *магистер,* за кандидатите кои поседуваат посебни способности и се истакнале во процесот на совладување на високото образование. Кандидатите со солидно завршено високо образование, се запишуваат врз основа на конкурс со кој секој од универзитетите го утврдува бројот, видот и условите под кои кандидатите можат да се запишат.

Постдипломските студии за магистратура траат 2 години плус времето потребно да се изработи магистерски труд и можат да бидат од областа на техничките, природно-математичките, општествените, медицинските и другите науки.

Со студиите, и со специјална образовна програма од 1 година и издаден труд од областа на земјоделските, шумарските и другите науки може да се стекне титулата специјалист. Во овој степен на образование не спаѓа специјализацијата во областа на медицинските науки, бидејќи тоа не е стекнување со научна титула, туку е специјализација во струката.

Овие научни титули им овозможуваат на лицата да работат научно-истражувачки работи од интерес за земјата и пошироко и да работат на факултети, институти и други работни места од посебен интерес.

## ISCED СТЕПЕН 6
## ДОКТОРАТ
## ВТОРА ФАЗА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ВОДИ ДО ИСТАКНАТА ИСТРАЖУВАЧКА КВАЛИФИКАЦИЈА

Услов за запишување на кандидатите за доктори на науки на овој степен - СТЕПЕН 6, е претходно завршени постдипломски студии т.е. стекнување со титулата магистер на науки или завршен специјалистички испит од обласата на медицината и јавно одбранет труд кој што ќе се отцени дека е на ниво на магистерски труд.

Овој степен се однесува на сите високообразовни програми што водат до доделување на истакната истражувачка титула. Затоа програмите се посветени исклучиво на сложена истражувачка дејност и оригинални истражувања во сите полиња (подрачја) на студирање.

Најчесто овие образовни програми се остваруваат на факултетите, но исто така и на научните институти.

Овие програми се однесуваат на оригинални, најчесто индивидуални истражувачки работи што имаат за цел изработка на теза или докторска дисертација и нејзина одбрана.

## ПРИРАЧНИК ЗА ПОЛИЊА (ПОДРАЧЈА) НА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО ISCED 97

### Основа

Меѓународната Стандардна Класификација за Образование - ISCED, претставува инструмент за собирање, обработка и презентирање на податоците за образование во рамките на земјата, а исто така и на меѓународно ниво. Класификација ISCED 76, беше преиспитана, модернизирана и презентирана во 1997 година како ISCED 97, како нова, современа класификација на образованието.

ISCED системот е изграден врз основа на класифицирање на секоја образовна програма по степен и по поле (подрачје) на образование.

Во прилог на оваа класификација е Оперативниот прирачник - **Полиња (подрачја) на образование и обука**, кој содржи упатства за толкување и практична примена на ревидираната класификација на образованието ISCED 97 т.е. содржи кодекс со точен опис на тоа како образовните програми / групи на предмети се класифицираат во разни наставни подрачја.

Инаку прирачникот е производ на проект од EUROSTAT[1] во тесна соработка со UNESCO[2] и OECD[3].

### Полиња (подрачја) на образование

Полињата на образование во ISCED 76 се модифицирани за да се елиминира делумното преклопување, а исто така и се проширени со вклучување на нови полиња. Така, во споредба со оригиналната верзија во ISCED 76 каде имаше 21 поле, сега во ISCED 97 има 25 полиња на образование. ISCED 97 содржи **25 двоцифрени полиња на образование**.

ISCED класификацијата ни презентира **употреба на троцифрени шифри** подредени во еден хиерариски систем за класифицирање на полињата на образование, каде што двоцифрениот број е ISCED 97 поле (подрачје) на образование. **Воглавно, првите две цифри ќе бидат употребени за собирање и презентирање на податоци на меѓународно ниво**, а треттата цифра ни дава пофлексибилен систем т.е. другите податоците засновани на третата цифра може да послужат за собирање на податоци за одредени цели. Исто така

[1] Eurostat - Statistical office of the European Union
[2] UNESCO- United Nations Educational, Scientific and Cultural Organizations
[3] OECD – Organization for Economic Co-operation and Development

може да се каже дека подетализираните полиња на третоцифрениот степен ќе овозможат поголемо разбирање при лоцирањето на програмите во двоцифрените полиња.

Третата цифра е исто така наменета за национални цели. Земјите кои немаат развиено потполн национален систем за класификација, истиот може да го усвојат како стандард или да го модифицираат во согласност со своите национални услови.

Во 1997/98 година CEDEFOP[4] и EUROSTAT развиле систем именуван како "Полиња на обука" како систем за класифицирање на стручното образование и обука кој бил синхронизиран со класификацијата "Полиња на обука" и токму ова е една од причините за именување на овој прирачник како "Прирачник за полиња (подрачја) на образование и обука".

**Цел на прирачникот**

Појдовна основа за собирање на меѓународно споредливи податоци е постоење на класификација.

Вториот чекор е да се обезбеди конзистентна примена на класификацијата во земјите што е и целта на овој прирачник - да понуди јасни упатства како да се употреби класификацијата за полињата на образование и обука. Паралелно со ова е извршено специфицирање на одреден број на правила и обезбедени се детални листи со соодветни примери.

Така ќе биде можно да се класифицираат сите образовни програми и тоа почнувајќи од почетното (основното) па се до највисокото образование, потоа и општото образование и стручното образование - професионалната обука и тоа само во едно и единствено поле на образование и обука.

**Структура на системот за класификација**

Оваа класификација на полињата користи троцифрени шифри во хиерархиски систем за класифицирање на полињата за образование и обука и тоа една за "широки полиња", една за "тесни полиња" и една за "детализирани полиња". Тоа значи дека овде се вклучени 9 широки полиња, 25 тесни полиња и околу 80 детализирани полиња.

Двоцифрениот број или тесните полиња се исти како и ISCED 97 полињата на образование. Троцифрениот број (детализираните полиња) се однесуваат на "полињата на образование и обука".

Сумирано тоа значи:

[4] CEDEFOP – European Center for the Promotion of Vocational Training

| Цифри | Имиња на полињата | Број на полињата |
|---|---|---|
| Едноцифрена | широки полиња | **9** |
| Двоцифрена | Тесни полиња | Полиња на образование (ISCED97) **25** |
| Троцифрена | Детализирани полиња | Полиња на образование и обука **80** |

**Полиња - независни од степенот**

Битно е да се напомене дека полињата не се определени во рамките на степените, туку се независни. Како и да е, се согледува дека не сите полиња се појавуваат на сите степени.

**Пристап до предметната содржина**

"Полињата на образование и обука" преставува предметен материјал кој се изучува во образовната програма. Програмите се ставени по сродност во предметот кој се изучува. Програмите во зависност од сличноста во знаењето, се собираат до детализирани, тесни и широки полиња. Мора да се нагласи дека тоа е главната предметна содржина на програмата и таа одлучува во кое поле би требало да се класифицира образовната програма.

Разликата меѓу полињата не се зема во предвид поаѓајки од личните цели за учеството во програмата (од задоволство, заради слободно време или работа), туку поаѓајки од насочената професија.

**Главен предмет**

**Полињата на образование и обука се дефинираат како главен предмет кој се изучува во образовните програми**. Полињата на образование во образовната програма се однесуваат на суштински и практични учења (главен предмет). Главниот предмет на знаењето се применува за одделен тип на проблем или за некоја специфична намена. Намената може да биде практична (пр. инженеринг), апстрактна (пр. филозофија) или и двете заедно (пр. архитектура).

Полето на образование претставува функција на главната предметна содржина. Поради тоа две образовни програми имаат исто поле на

образование ако главните предмети на студиите им се исти. Во пракса, образовните програми се класифицирани во исто детализирано поле на образование ако главните предмети на студиите се доволно слични за намената на оваа класификација.

Полињата на образование се меѓусебно поврзани со главните предмети кои им се заеднички, со целите на изучувањето и со теоретското знаење кое го поддржува главниот предмет. На пример, биологија е поврзана со хемија и физика поради следните причини:

- за полесно разбирање на биологијата е потребно да се знае хемија и физика;
- студиите се користат за исти широки цели или разбирање на природниот феномен;
- се користи исто теоретско знаење, пример, научни методи и природата како целина.

**Критериуми за полињата на образование**

Во ISCED 97, полињата на образование се класифиирани во групи според следните критериуми со приоритетна цел:

- теоретска содржина
- цел на учењето
- објект на интерес
- методи и техники
- средства и опрема.

***Теоретската содржина*** се однесува на идеите и концептите кои се вклучени во образовните програми.

***Цели на учењето*** се однесуваат на вештините и знаењето кои ќе се стекнат со образовната програма. Се забележува дека ова нема никаква врска со личните цели на учениците, туку дека целта на програмата претставува она за што е создадена образовната програма.

***Објектот на интерес*** го преставуваат феномените, проблемите или суштината на студиите. Има "работи" за кои учениците-студентите учат за тоа како да се употреби знаењето и вештините. Тоа може да бидат математички проблеми, поправка на превозни средста, луѓе со одредени болести и сл.

***Методите и техниките*** претставуваат специфични постапки за примена на вештините и знаењето добиени од образовната програма. Тие можат да бидат на пример, чекори за решавање на математички проблеми, техники на поправка на превозни средства или пак постапки за третман на оделни болести.

***Средствата и опремата*** се инструменти и орудија за кои лицата учат како да ги употребат во образовната програма.

**Примена на критериумите**

Сите образовни програми претставуваат спој од теоретско разбирање, фактичко знаење и практични вештини. Во стручните образовни програми, на пример, примарно се нагласени практичните вештини, но во одредена мера потребни се и теоретското разбирање и фактичкото знаење. Доколку фактичкото знаење и теоретското разбирање во слични образовни програми се дел од истото знаење како повисок степен на образовната програма, тогаш овие програми би требало да имаат исто поле на образование.

На пример, програмите за изработка на алати вклучуваат дел од математика, фактичко знаење и теоријата за инженерство која се користи во механичкиот инженеринг, и на ваков начин изработката на алати и механичкиот инженеринг би требало да имаат исто поле на образование (но различни нивоа на достигнување).

Друг пример би бил следниот: "Нега и грижа" се класифицирани во полето 723, а Медицината во поле 721, па се поставува прашањето зошто не е истото детализирано поле? Очигледно е дека овие поими се слични, но постојат разлики во содржината.

**Ориентираност на програмата и полињата**

Ориентираноста на програмата (општо или стручно образование) и ориентираноста на полињата се две различни димензии во ISCED 97 и не би требало да се мешаат. Кога се работи за ориентираност на програмата, програмите кои се водат како општи програми би требало да се класифицираат според нивниот главен предмет во полињата. На пример: образовна програма за математика претставува општа програма (според ориентираноста), меѓутоа полето би требало да е 461 "Математика".

**Поврзаност со класификацијата на занимања - ISCO 88**

Интернационалната стандардна класификација на занимања - ISCO-88 обезбедува систем за класифицирање и собирање на информации за занимањата, а самите податоци се добиваат од статистичките истражувања за пописите на населението, како и од други статистички истражувања и други административни извештаи.

Структурата на ISCO-88 е составена од 2 главни концепти:

-концепт за видот на работата кој треба да се изврши и

-концепт за квалификација.

**Работата** определена како збир на задачи и задолженија извршени од една личност претставува основна статистичка единица класифицирана со ISCO-88. Работата е определена како збир на работи чии главни задачи и задолженија се карактеризираат со повисок степен на слични операции во занимањето, а лицата се класифицирани според занимањето во однос на нивната мината, сегашна и идна работа.

Квалификацијата е дефинирана како способност да се извршат дадените задачи и задолженија во врска со дадената работа, и ги има за цел овие дадени димензии:

- степен на квалификација - кој претставува функција на сложеност и мноштво на опфатени задачи и задолженија;

- специјализација - која е определена со полето на потребното знаење, средствата и машините кои се употребуваат, материјалите за работа како и видот на стоките и услугите кои се произведуваат.

Очигледно е дека има поврзаност меѓу ISCO-88 и ISCED полињата, но сепак битно е да се запомни дека тие класифицираат различни статистички единици со употреба на различни критериуми. **ISCED полињата со помош на предметната содржина ги класифицира образовните програми, а ISCO-88 според горенаведениот концепт ги класифицира занимањата (информации за занимањата)**. Со помош на вкрстениот преглед, на пример, на попис на податоци по ISCED полињата и ISCO-88 би се откриле многу интересни и корисни статистички информации за политичарите и другите корисници на информациите.

**Интер-дисциплинарни и широки програми**

Интер-дисциплинарните програми претставуваат програми во кои се здружени полињата на образование и обука. Како основно правило за овие програми е дека предметот кој доминира одлучува во кое поле програмата би требало да се класифицира. Како критериум за да се утврди кој предмет доминира се зема времето употребено на предметот.

*Пример 1*: Програмата која ги содржи политичката наука и економијата (314) би требало да се класифицира според предметот на кој се посветува најмногу време.

*Пример* 2: Програмата која е составена од студија за трговија на мало и студија за канцелариска работа би требало да се класифицира според полето кое што преовладува, 341 "Трговија на големо и трговија на мало" или пак 346 "Секретарски и канцелариска работи".

*Пример* 3: Програмата која пред се вклучува предмети од областа на информатиката би требала да се распредели во полето 481 "Информатика", а во случај на делумно вклучување на компјутерскиот инженеринг - поле 523 "Електроника и автоматика". Во овој пример, предметите влегуваат во две различни тесни полиња (двоцифрен степен). Обврзани сте да го употребувате основното правило затоа што нема друг избор освен "999".

**Разлики во однос на полињата за обука**

При создавањето на полињата на обука, треттата цифра е додадена за да се изврши поделба на најголемиот дел од двоцифрените ISCED полиња, а пред сé полињата во областите на стручното образование и обука. "Академските полиња", тоа се полиња каде се верува дека нема многу стручно образование и обука, се задржани без да се изврши нивна поделба. Во класификацијата која е презентирана тука "Академските полиња" се поделени и на ваков начин даваат поурамнотежена класификација на полињата.

| *Поле на обука* | *Поле на образование и обука* |
|---|---|
| 141 Образование | 143+144+145+146 |
| 224 Историја, филозофија и слични предмети | 225+226 |
| 310 Општествени науки и науки за однесувањето | 311+312+313+314 |
| 420 Наука за животот | 421+422 |
| 440 Физички науки (физика, хемија) | 441+442+443 |
| 460 Математика и статистика | 461+462 |
| 722 Медицински услуги | 725+726+727 |
| 850 Заштита на околината | 851+852+853 |

**Широки програми**

Широки програми претставуваат програми на образование или пак програми на обука кои вклучуваат делови од најмалку три полиња на образование и обука (најчесто во истото поле на образование), и никое од полињата на образование и обука не преовладува. Овие програми би требало да бидат класифицирани со употреба на третата цифра "0".

Се забележува дека **шифрата"0"** во третата цифра ќе се користи само за информации во врска со широките програми. Истотака се забележува дека "0" во втората позиција не се користи.

*Пример* 4: Програмата за бизнис и администрација вклучува менаџмент, финансии, продажба, маркетинг и др. и би требало да биде класифицирана во 340 "широки програми за бизнис и администрација".

**Невозможно да се класифицира и специфицира**

Во краен случај, **шифрата "9"** може да се користи во третата позиција ако не ни се достапни информациите за програмата или ако е невозможно да се класифицираат специфичните програми во некое од детализираните полиња. Во принцип "9" во втората позиција не е дозволена. Исклучок постои само во собирањето на податоците на двоцифрениот степен каде што "99" може да се употреби ако е непознато двоцифреното поле.

*Пример* 5: Програмата за инженерство каде што немаме доволно информации, би требало да се класифицира во полето 529.

**Како да се употребува прирачникот**

1. Кога ја класифицирате образовната програма или група на програми, погледнете во прегледот на класификација. Почнете со одлуката во кое широко поле би требало да се изврши класификација. Потоа погледнете ги тесните полиња. Во најголем број на случаи повеќе или помалку е очигледно во кое поле припаѓа програмата.

2. Кога ќе го најдете соодветното тесно поле, проверете го описот кој е даден за секое детализирано поле за да потврдите дека тоа е правото поле, а може да го проверите и десното детализирано поле.

3. Ако не е очигледно во кое поле програмите би требало да се класифицираат, или пак ако ви треба повеќе помош, тогаш погледнете го името на програмата во алфабетската листа со шифри. Потоа проверете го описот кој што е даден за детализираните полиња за да видете дали е тоа правата шифра.

## ПОЛИЊА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| *Широки полиња* | *Тесни полиња* | *Детализирани полиња* |
|---|---|---|
| **0 Општи програми** | 01 Основни /општи, широки програми<br>08 Писменост и сметање<br>09 Лични способности | 010 Основни /општи, широки програми<br>080 Писменост и сметање<br>090 Лични способности |
| **1 Образование** | 14 Обука на наставници и наука за образование | (141 Учење и обука=143+144+145+146)<br>142 Наука за образование<br>143 Обука на наставници за пред-школска возраст<br>144 Обука на наставници за оделенска настава<br>145 Обука на наставници за предметна настава<br>146 Обука на наставници за стручна настава |
| **2 Хуманистички науки и уметности** | 21 Уметност<br><br><br><br><br><br><br><br>22 Хуманистички науки | 211 Ликовна уметност<br>212 Музика и применета уметност<br>213 Аудио-визуелни техники и медиа продукција<br>214 Дизајн<br>215 Друго<br><br>221 Религија<br>222 Странски јазици<br>223 Мајчин јазик<br>(224-Историја, филозофија и слични предмети=225+226)<br>225 Историја и археологија<br>226 Филозифија и етика |
| **3 Општествени науки, бизнис и право** | 31 Општествени науки и науки за однесувањето | 311 Психологија<br>312 Социологија и студии за културата<br>313 Политички науки и граѓанство<br>314 Економија |

| *Широки полиња* | *Тесни полиња* | *Детализирани полиња* |
|---|---|---|
| **3 Опшествени науки, бизнис и право** (продолжение) | 32 Новинарство и информирање<br><br><br><br>34 Бизнис и администрација<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>38 Право | 321 Новинарство и известување<br>322 Библиотека, информации, архива<br><br>341 Трговија на големо и мало<br>342 Маркетинг и огласување<br>343 Финансии, банкарство, осигурување<br>344 Сметководство и оданочување<br>345 Менаџмент и администрација<br>346 Секретарски и канцелариски работи<br>347 Работна средина<br><br>380 Право |
| **4 Наука, математика и информатика** | 42 Науки за животот<br><br><br><br>44 Физички науки<br><br><br><br><br>46 Математика и статистика<br><br>48 Информатика | 421 Биологија и биохемија<br>422 Екологија<br><br>441 Физика<br>442 Хемија<br>443 Наука за земјината топка<br><br>461 Математика<br>462 Статистика<br><br>481 Информатика<br>482 Употреба на компјутери |
| **5 Инженеринг, производство и градежништво** | 52 Инженеринг и инженерски струки | 521 Механика и работа со метали<br>522 Електрични системи и енергија<br>523 Електроника и автоматика<br>524 Хемиски процеси<br>525 Моторни возила,бродови и авиони |

| *Широки полиња* | *Тесни полиња* | *Детализирани полиња* |
|---|---|---|
| **5 Инженеринг, производство и градежништво** (продолжение) | 54 Производство и преработка<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>58 Архитектура и градежништво | 541 Преработка на храна<br>542 Текстил, облека, обувки, кожа<br>543 Материјали (дрво, хартија, пластика, стакло)<br>544 Рударство и екстракција<br><br><br>581 Архитектура и урбанизам<br>582 Градежништво и градежен инженеринг |
| **6 Земјоделие и ветерина** | 62 Земјоделие, шумарство и риболов<br><br><br><br><br><br>64 Ветерина | 621 Поледелство и сточарство<br>622 Градинарство<br>623 Шумарство<br>624 Рибарство<br><br>640 Ветерина |
| **7 Здравство и социјала** | 72 Здравство<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>76 Социјални услуги | 721 Медицина<br>(722 Медицински услуги=725+726+727)<br>723 Нега и грижа<br>724 Стоматолошки студии<br>725 Медицинска дијагностика и третмани<br>726 Терапија и рехабилитација<br>727 Фармација<br><br>761 Социјална грижа за деца и млади<br>762 Социјална работа и советување |

| *Широки полиња* | *Тесни полиња* | *Детализирани полиња* |
|---|---|---|
| **8 Услуги** | 81 Лични услуги | 811 Хотел, ресторан и снабдување во угостителство<br>812 Патување, туризам и слободни активности<br>813 Спорт<br>814 Услуги во домаќинството<br>815 Фризерски услуги и козметологија |
| | 84 Транспортни услуги | 840 Транспортни услуги |
| | 85 Заштита на околината | 851 Технологија за заштита на околината<br>852 Природна средина и национални паркови - резервати<br>853 Санитарни услуги на заедницата |
| | 86 Безбедосни услуги | 861 Заштита на лицата и нивните имоти<br>862 Цивилна безбедност и сигурност<br>863 Војска и одбрана |

**Шифрата "0"** се користи во третата позиција кога има само едно детализирано поле кое одговара на тесните полиња или кога класификацијата на широките програми опфаќа делови од најмалку три детализирани полиња и никое од нив не е доминанто.

**Шифрите "9", "99", или "999"** би требало да се употребат во собирањето на податоци, ако полето е непознато или неспецифирано.

## ОПИС НА ПОЛИЊАТА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Овој дел од прирачникот служи за опишување на секое поле на образование и обука во согласност со предметот содржан во полето. При класифицирање на програмите многу е битно да се прочитаат описите на содржинат, сé со цел да се согледа во кое полето ќе биде класифицира програмата (групата на програмата).

Ако се врши класификација само на имињата на програмите, тогаш може да се направат големи грешки. Особено ова се однесува на некои популарни термини како што се "комуникации", "менаџмент", кои се употребуваат во многу текстови. Исто така името на програмата може да има различно значење во различни земји. Затоа е потребно да се обрне големо внимание на имињата на програмите, а особено на содржината на програмата и на главниот предмет.

Би требало да се истакне дека шифрите 140, 210, 220, 310, 340, 440, 520, 540, 620, 720, 810, 850 и 860 вклучуваат "0" во третата позиција (види во фуснотата под табелата) презентирајќи го полето на класификација.

## 0 ОПШТИ ПРОГРАМИ

Во овој текст терминот "општи" се однесува на основните и личните способности и не е експлицитно објаснет како спротивност од "стручни".

Категорија 0 -"општи" програми не треба да се користи како преостаната категорија.

Програмите со нагласен предмет би требало да се класифицираат во полињата од 1 до 8.

### 010 Основни / широки, општи програми

**Основни / широки, општи програми** претставуваат програми кои даваат основни познавања во читањето, пишувањето и аритметиката низ основно разбирање на другите предмети како што историја, географија, природни науки, општествени науки , уметност и музика. Основните, широки програми се опфатени во основното образование - од I-VIII одделение (ISCED степените 1 и 2). Тука се класифицирани и основните, широки програми во средното образование и тоа во гимназиите како образовни институции каде е застапено општото образование (ISCED степен 3) и тоа во случај кога дел од предметниот материјал се однесува на хуманистичките науки, општествените, природните науки и сл. Стручните програми се вклучени само во исклучителни ситуации. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Основни програми

Основни, општи програми и

Општи програми без нагласени стручни предмети

Вклучува:

Во ова поле се вклучени општите широки програми во средното образование (а во некои земји и основно образование од V-VIII одделение т.е. ISCED степен 2) со нагласување на пример на хуманистичките науки, општествените науки, природните науки, без нагласување на други полиња.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени (нестручните) општите програми кои јасно го означуваат предметот или групата на предметите и во зависност од предметот се вклучени во едно од полињата од 1-8.

**080 Писменост и сметање**

**Писменост и сметање** се програми кои се наменети пред се за возрасни лица кои се неписмени, со цел да се научат да читаат, пишуваат, и сметаат. За да се направи разлика меѓу полето 010 Основни /општи програми и ова поле се зема старосната граница. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Основни дополнителни програми за возрасни
Писменост и сметање

**090 Лични способности**

Програмите **Лични способности** претставуваат резултати од постигнувањата во индивидуален капацитет (умствен, социјален итн). Ова поле ги опфаќа програмите за лични способности кои не се вклучени во 010 Основни /широки програми или во 080 Писменост и сметање, давајќи можност за пренесување на способностите и вештините. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Презентација и докажување
Способност за комуницирање
Подобрувања во начинот на однесување
Развој на умствените способности
Јавен настап (односи со јавност)
Способност за самопочитување
Општествени компетенции
Раководење (менаџмент) и др.

Вклучува:

Во ова поле е вклучено образованието и обуката за раководителите (во контекс на личен развој). Потоа тука е вклучено образованието и обуката поврзани со местото на работа или задачите (ако е потребно да се направи повеќе за личниот развој отколку за развој на работата).

Исто така во ова поле се вклучени и програмите за интелектуално неспособни и нивниот прифаќање во секојдневниот живот.

Исклучува:

Од ovaa група се исклучени програмите за раководење, командување, и управување на највисок степен (менаџмент) и се вклучени во полето 345 "Менаџмент и администрација".

# 1 ОБРАЗОВАНИЕ

## 140 Обука на наставници и наука за образованието (широки програми)

**Обука на наставници и науката за образованието (широки програми)** претставува студија на педагошката теорија комбинирана со пракса без специјализирање во основите на наставата, наставата по специјални предмети, настава по стручни предмети и сл. Овде се класифицираат широките програми според следната главна содржина:

Општа обука за наставници;
Практични општи педагошки курсеви.

## 142 Наука за образование

**Науката за образованието** е студија која ги опфаќа теоријата и процесот на учење, методите и техниките за стекнување на знаења и друго. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука за образованието
Педагогија
Дидактика
Проценување, тестирање и оценување во образованието
Проценки и истражувања во образованието

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите за обука на наставниците каде се комбинираат науката за образование со праксата на учење и се вклучени во некое од полињата за обука на наставници (143-146).

## 143 Обука на наставници за предучилишно образование

**Обуката на наставници за предучилишно образование** е студија која опфаќа теорија, методи и пракса за подучување на деца од приближно 3 до 7 годишна возраст во рамките на формална школска средина во предучилишното образование. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Подучување на деца во рано детство
Обука на наставници за предучилишното образование

**144 Обука на наставници за оделенска настава**

**Обуката на наставници за оделенска настава** е студија која опфаќа теорија, методи и пракса за подучување на деца од 5 до 15 годишна возраст, за стекнување на основни познавања во читањето, пишувањето и математиката низ основното разбирање на други предмети како што се историја, географија, опшествени науки и сл. Стручноста на предметот треба да биде помалку нагласена отколку во полето 145 "Обука на наставници за предметна настава". Во ова поле се вклучени: студиите за учење со деца со специјални потреби, потоа студиите за основи во читањето и пишувањето за возрасни, како и студиите за пишување и читање за имигранти на нивниот домашен јазик. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Основи во држењето настава
Обука за класен раководител
Обука за наставник по мајчин јазик
Обука за наставници на деца со специјални потреби

Вклучува:

Во ова поле се вклучени студиите за основи во читањето и пишувањето за возрасни.

**145 Обука на наставници за предметна настава**

**Обуката на наставници за предметна настава** е студија која вклучува теории, методи и пракса во држењето настава на стручни предмети - почнувајки од основното образование од V-VIII одделение, средното образование и понатаму.

Програмите кои се овде вклучени често пати содржат студии за предметот/предметите кои ќе бидат изучувани. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Обука за наставници од V-VIII одделение и во средно образование

Обука за наставници по теоретски предмети на пример, странски јазик, математика, историја

Вклучува:

Во ова поле се вклучени програмите за обука на наставници по теоретски и практични предмети.

Исклучува: Од ова полењ се исклучени стручните, практичните и уметничките предмети кои се вклучени во полето 146 "Обука на наставници по стручни предмети"

### 146  Обука на наставници по стручни предмети

**Обука на наставници по стучни предмети**[5] е студија која вклучува теории, методи и пракса за стручно / практично изучување и обука. Тука е вклучена и обуката на наставници по музичко образование, уметност и физичко образование. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Обука на наставници по уметност
Обука на наставници по музичко образование
Обука на наставници по физичко образование
Обука на наставници по технички предмети
Обука на наставници по предмети од обласата на трговијата
Обука на наставници-негуватели
Обука на инструктор  по возење
Обука на инструктори  во компании
Обука на тренери

Вклучува:

Во ова поле е вклучена обуката на инструктор за возење, како и обуката на тренери за работа.

Исклучува:

Од ова поле е исклучена обуката за спортски тренери и е вклучена во поле 813 "Спорт".

Исто така од ова поле исклучени се и програмите за теоретски и практични предмети и се вклучени  во полето 145 "Обука на наставници по предметна настава".

## 2  ХУМАНИТАРНИ НАУКИ И УМЕТНОСТИ

### 210  Уметности (широки програми)

**Уметност (широки програми)** е студија за уметноста без специјализирање во некое од детализираните полиња. Широките програми тука се класифицирани според  следната  главна содржина:

Уметност
Уметност и уметнички вештини

### 211 Ликовна уметност

**Ликовна уметност** е студија која вклучува визуелни форми на креативно изразување, теоретско работење, историја, техники, изведување и

[5] Во некои случаи е тешко да се направи разлика меѓу полињата 145 и 146, но треба да се напомене дека предметот  за кој наставникот се обучува да го предава ќе одлучи во кое  поле се наоѓа образовната програма, а не видот на училиштето (сите предмети во стручните програми, не се стручни предмети).

произведување на уметнички дела. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Теорија на уметноста
Историја на уметност
Филозофија на уметноста
Гравирање
Печатење
Сликање
Вајарство

Исклучува:

Од ова поле е исклучена обуката од областа на керамиката и грнчарство (глинени производи) и вклучена е во полето 215 "Умешности и вештини".

Студијата за архитектура е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 581 "Архитектура и урбанизам".

Исто така, од ова поле е исклучена обуката на наставници по уметност и е вклучена во полето 146 "Обука за наставници по стручни предмети".

**212 Музика и применета уметност**

**Музика и применета уметност** е студија за принципи и техники поврзани со изведување на музика, држење говор, движења, гестикулации, глумење, импровизации и вештини. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Историја на филм и театар
Историја на музика
Театар
Драма
Музика
Компонирање на музика
Диригирање
Уметничко танцување
Кореографија
Циркус
Делување и раководење

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за историја и теорија на применетата уметност.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени обуката за наставници по музичко образование и други изведбени уметности и се вклучени во полето 146 "Обука за наставници по стручни предмети".

**213 Аудио-визуелни техники и медиа продукција**

**Аудио-визуелни техники и медиа продукција** е студија која вклучува техники и вештини за производство на книги, весници, радио и ТВ продукција, филм и видео продукција, музичка продукција и графичка репродукција. Студијата вклучува студија за програми и методи за колор репродукција, фотографија и компјутерска графика. Истотака е вклучена и студијата за илустрации на книги, списанија, постери, огласи и др. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Радио и ТВ продукција
Музичка продукција
Техника на звук
Издаваштво
Печатење
Илустрација
Подврзување на книги-материјали и печатење
Филмска продукција
Камермани
Фотографија
Графички дизајн
Графичка репродукција
Компјутеризација (слагање)
Составување(печатење)
Медиа техники
Мултимедиална продукција

Вклучува:

Во ова поле се вклучени програмите за печатење на десктоп и нивните проекти.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени одделни програми за користење на специфични софтверски апликации и се влучени во полето 482 "Употреба на компјутери".

Истотака од ова поле е исклучена студијата за новинарство и е вклучена во полето 321 "Новинарство и известување".

**214 Дизајн**

**Дизајн** е студија на креативност во создавањето на линиите, формите и производите, како на пример, во изработката на модерна облека, индустриски производи и ентериери. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Моден дизајн
Дизајнирање на облека
Дизајн на индустриски производи
Ентериери (внатрешна архитектура)
Екстериери (надворешна архитектура)
Сценографија
Аранжирање на излог

Исклучуње:

Од ова поле е исклучена студијата за Градежен дизајн и е вклучена во полетог 581 "Архитектура и урбанизам".

Студијата за Индустриски дизајн ако е нагласен техничкиот аспект, а не уметничкиот дизајн, е исклучена од ова поле и е вклучена во соодветно поле 52 "Инженерство и инженерски струки".

Издавачкиот и графичкиот дизајн се исклучени од ова поле и се вклучени во полето 213 "Аудио-визуелни техники и медиа продукција".

**215 Умешност и вештини**

Студијата "**Умешност и вештини**" претставува студија на техники и вештини од аспект на рачниот занает како што е: изработка на предмети од злато, сребро и други скапоцености; грнчарство, ткаење, копаничарство (резбање на дрво) и сл. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Рачни занаети
Изработка на златен накит
Посребрување
Изработка на музички инструменти (неиндустриски)
Музички инструменти (поправка и штелување)
Декорирање
Цвеќарство (аранжирање на цвеќе)
Умешност и вештина со стакло
Умешност за декорација на метал
Умешност, фолклор и мајсторство
Керамика
Резбање на камен
Ткаење
Копаничарство (резбање на дрво)

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за индустриско производство на глинени производи, волнени материјали, украсување и е вклучена во некое од детализираните полиња кои влегуваат во широкото поле 5 "Инженеринг, производство и градба".

**220 Хуманистички науки (широки програми)**

**Хуманистичките науки (широки програми)** се студија за човекот без специјализирање во некое од детализираните полиња. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Хуманистички науки

**221 Религија**

**Религијата** е студија која опфаќа религиозни верувања, концепти, симболи, текстови, изразување и духовност. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Религија
Историја на религија
Студија на свети книги
Студија на различни религии

Вклучува:

Во ова поле се вклучени програмите за деца и млади кои се воведуваат во религиозните школи како и на семинарите, манастирите и сл. сé со цел да се развие интересот за нивната религија и пропагирање на нивната вера.

Исклучување:

Од ова поле се исклучени основните програми кои се воведени во религиозните школи, семинари и сл. кои содржат само религиозни предавања и кои не водат кон изучување на религијата како струка. Овие програми се вклучени во полето 010 Основни / широки програми.

**222 Странски јазици**

**Странски јазици** е студија на структурата и градбата на странските јазици. Таа вклучува студија на поврзани култури, литература и лингвистика. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Мртви јазици
Странски јазици
Факултативни јазици
Програми за преведување

Вклучува:

Странските јазици е студија за јазикот кој се изучува како странски или како втор јазик. Втор јазик би можело да се смета и националниот јазик, за оние ученици-студенти чиј мајчин јазик е друг јазик.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите за изучување на мајчиниот јазик дури и во случај кога овој јазик не е национален (на пример, Програмите за имигранти кои им овозможуваат учење на мајчин јазик) и се вклучени во полето 223 "Мајчин јазик".

**223 Мајчин јазик**

**Мајчин јазик** е студија на мајчиниот јазик, вклучувајќи ги и студиите кои се однесуваат на литературата и лингвистиката. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Мајчин -домашен јазик
Програми на мајчин јазик

Творечка активност - пишување дела
Графологија

Вклучува:

Мајчин јазик е студија на јазикот кој се смета за мајчин јазик дури и во случај кога не е национален јазик во земјата, на пример, програмите за имигранти на нивен домашен јазик.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите на национален јазик кога јазикот што се изучува се смета дека е странски или втор-факултативен јазик, и се вклучени во полето 222 "Странски јазици".

Програмите за описменување и сметање се исклучени од ова поле и се вклучени во полето 080 "Писменост и броење".

## 225 Историја и археолигија

**Историја** е студија на настаните кои се случиле во минатото, особено за политичкиот, општествениот и економскиот развој на земјата, на континентот или на светот. Во ова поле се вклучени: студијата за компаративна литература, студија за историја на науката и идеите. **Археологијата** е студија која ги проучува древните цивилизации со помош на научни анализи врз основа на остатоци што се најдени во земјата. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Историја
Археологија
Историја на култура
Историја на науката и идеите
Историја на литература
Музеологија

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за општа литература (некомбинирајќи ја со студијата на специјални јазици).

Исто така, тука е вклучена и студијата за општа лингвистика (која не е поврзана со студијата за одреден јазик).

Исклучува:

Ако студијата на литература е комбинирана со студијата на специјален јазик тогаш е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 222 "Странски јазици" или во полето 223 "Мајчин јазик".

Од ова поле е исклучена студијата на мртви јазици (латински и сл.) и е вклучена во полето 222"Странски јазици".

Студијата на Историја на уметноста е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 211"Ликовна уметност".

Студијата на Историјата на музиката и историјата на применетата уметност е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 212 "Музика и применетата уметност".

Студијата на Историјата на економијата/економските науки е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 314 "Економски науки".

### 226 Филозофија и етика

**Филозофија и етика** е студија на филозофијата, етиката и други сродни предмети кои се однесуваат на концепцијата на животот. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Филозофија
Етика
Логика
Морал

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за религијата која е вклучена во полето 221 "Религија".

Студијата за Филозофија на уметноста е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 211"Ликовна уметност".

## 3 ОПШЕСТВЕНИ НАУКИ, БИЗНИС И ПРАВО

### 310 Општествени науки и науки за однесувањето (широки програми)

**Општествените науки и науката за однесувањето (широки програми)** се студии за општествените науки и науката за однесувањето без специјализирање во некое од детализираните полиња. Програмите за обука тука се класифицирани според следната главна содржина:

Општествени науки
Наука за однесувањето

### 311 Психологија

**Психологијата** е студија која го проучува човековиот ум и неговото однесување како резултат на индивидуалните разлики, искуството и средината. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Психологија
Психоанализи
Психотерапија

### 312 Социологија и студии за културата

**Социологијата и студиите за културата** се студии за човековите суштества и начинот на нивното однесување во средината и општеството. Во ова поле е вклучена студијата за етнологија и општествена антропологија како

и студијата за човекот и антропогеографијата. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Социологија
Социјална географија
Демографија /студии за население
Општествена антропологија
Етнологија
Студии за културата
Студии за родот (полот)

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите за социјална заштита со нагласена практична работа и се вклучени во полето 762 "Социјална работа и советување".

**313 Политичка наука и студија на граѓанство**

**Политичка наука и студија на граѓанството** се студии кои ги опфаќа државните и политичките принципи и пракса. Тука се вклучени правата и обврските на граѓаните. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Политичка наука
Историја на политика
Граѓанство
Човекови права
Интернационални односи
Студии за мир и конфликти

Исклучува:

Студијата за политичка економија е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 314 " Економија".

**314 Економија**

**Економија** е студија за економската теорија, економската политика и економските одлуки кои се донесуваат. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Историја на економија
Политичка економија
Економија

Исклучува:

Од ова поле се исклучени студиите за економии каде се нагласени бизнис студиите и се вклучени во полето 340 "Бизнис и администрација"(широки програми).

**321 Новинарство и известување**

**Новинарство и известување** е студија која вклучува теорија и пракса во новинарството/известувањето како дел од полето за масовна комуникација. Новинарството и известувањето се однесуваат на изразувањето и содржината на пораките. Оваа студија опфаќа известување за новите настани (дневните случувања), пишување на коментари и статии од јавен интерес и сл. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Новинарство
Радиопренос
Масовна комуникација (изразување и содржина)
Информации (изразување и содржина)
Дневен печат-известување за новите настани

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за техники на масовна комуникација (пр. печатење и радио и ТВ продукција) и е вклучена во полето 213 "Аудио-визуелни техники и медиа продукција".

Студијата за Проекти и издавачки дизајн, е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 213 "Аудио-визуелни техники и медиа продукција".

Студијата за Односи со јавноста, е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 342 "Маркетинг и огласување".

**322 Библиотека, информации, архива**

**Библиотека, информации, архива** е студија на методи за селектирање, добивање, организирање и чување на колекции од информации се со цел за полесна употреба на истите. Овде е вклучена програмата за библиотеки. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Науки за архива
Наука за информации
Програми за библиотеки
Документација за музеи
Документација

**340 Бизнис и администрација (широки програми)**

**Бизнис и администрација (широки програми)** е студија на теорија и пракса во планирањето, управувањетро, организирањето и координирањето со ресурсите на приватните и јавните организации и институции. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Бизнис и администрација
Деловна (бизнис) економија
Студии за бизнис

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за Бизнис и администрација без нагласување на некое од детализираните полиња под реден број 34.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени бизнис програмите во кои не е нагласено некое од детализираните полиња под реден број 34 "Бизнис и администрација"

**341 Трговија на големо и трговија на мало**

**Трговија на големо и трговија на мало** е студија на купувањето и продавањето на стоки и услуги, вклучувајќи ракување со залихи, политика на цени, превенција од загуба, системи на продажба и постапки. Вклучува студија за работењето и тековни трендови во големопродажбата и малопродажбата. Тука е вклучена и продажба на згради и имоти. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Трговија на големо
Трговија на мало
Купување
Чување на залихи
Складирање
Бизнис со недвижен имот
Лицитација
Техники на презентирање
Услуги на потрошувачите

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за купопродажба на згради и имоти.

**342 Маркетинг и огласување**

**Маркетинг и огласување** е студија на процесот на размена на стоки и услуги помеѓу претпријатијата и/или физичките лица и студијата за однесувањето на потрошувачот и неговите барања. Тука е вклучена студијата на подобрувањето на квалитетот на производот, цените, дистрибуцијата, презентацијата и продажбта со цел да се максимизира профитот. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Маркетинг
Истражување на пазарот
Огласување-рекламирање
Тргување со стоки
Односи со јавноста - потрошувачите

**343 Финансии, банкарство , осигурување**

**Финансии, банкарство, осигурување** е студија за планирање, управување, организирање и контролирање на финансиските активности и

услуги. Вклучува контрола и мониторинг на финансиските извори на претпријатијата, институциите и физичките лица, како и обезбедување на финансиски услуги. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Теорија на финансии
Банкарство и финансии
Банкарски службени програми
Анализа на инвестиции
Инвестиции и сигурност
Осигурување
Пензиско осигурување
Социјално осигурување
Берзанско работење

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за актуријална (финансиска математика) и е вклучена во полето 462"Статистика".

**344 Сметководство и оданочување**

**Сметководство и оданочување** е студија за чување, ревизија и регистрирање на финансиски трансакции. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Сметководство
Книговодство
Оданочување
Ревизија

**345 Менаџмент и администрација**

**Менаџмент и администрација** е студија која вклучува планирање, управување и оперирање со функциите и активностите во претпријатијата и институциите. Исто така програмите во менаџментот вклучуваат администрација, економија, финансии и други, и се вклучени во ова поле само ако се ориентирани кон менаџментот и администрацијата. Програмите тука се класифицираат според следната главна содржина:

Наука за менаџмент
Теорија за организацијата и однесувањето
Администрација
Менаџмент на ниво на служба
Менаџмент
Менаџмент за образование
Менаџмент за вработување
Логистички менаџмент
Бизнис курсеви

Вклучува:

Студијата за раководство во контекс на менаџмент е вклучена во ова поле.

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за раководство во контекс на личниот развој и е вклучена во полето 090 "Лични способности".

Студијата за администрација во контекс на канцелариската работа е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 346 "Секретарски и канцелариски работи".

### 346 Секретарски и канцелариски работи

**Секретарски и канцелариски работи** е студија која опфаќа административни процедури и пракси, канцелариска технологија, стенографија и дактилографија. Специјалните секретарски програми (за зборување на два јазика, за специјализирани асистенти во медицината, во правото, во сметководството и др.) ќе се вклучат овде ако објективно имаат повеќе секретарска работа. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Административни и секретарски услуги
Секретарски програми
Програми за секретари на странски јазици
Внес на податоци
Дактилографија
Стенографија
Оперирање со телефони
Законски прописи за секретари
Програми за секретари во медицина
Ракување со канцелариски машини
Обука на лица за прием -рецепционери

Вклучува:

Во ова поле се вклучени широките програми за секретари кои изучуваат компјутерски курсеви.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени оделни програми кои користат компјутерски софтвер и се вклучени во полето 482 "Употреба на комјутери".

Канцеларискиот менаџмент е исклучен од ова поле и е вклучен во полето 345 "Менаџмент и администрација".

Програмите за рецепционери за прием во хотел се исклучени од ова поле и се вклучени во полето 811 "Хотел, ресторан и снабдување-угостителство".

### 347 Работен век

**Работен век** е студија за структурата и функционирањето на работната средина. Вклучува програми кои воглавно содржат обука на

персоналот, и кои се поврзани со работното место и задачи. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Основни поими за компанијата
Воведни курсеви
Потреби и барања на клиентите
Организација на работата
Општи курсеви за работничко здружување
Развој на работата

Вклучува:

Овде е вклучена обуката на персоналот поврзана со работното место и задачите доколку е невозможно да се класифицира во некое друго поле.

Исклучува:

Доколку треба повеќе внимание да се посвети на личниот развој отколку на развој на работата тогаш оваа обука на персоналот ќе биде вклучена во полето 090 "Лични способности".

Програмите во работната средина би требало да бидат вклучени во полето 862 "Професионална безбедност и здравје".

### 380 Право

**Правото** е студија која вклучува принципи и постапки во насока на формално изградување на општествени цели, вклучувајќи ја и обуката за адвокати и судии (правни професии). Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Правна наука
Историја на правото
Студии за кривично право
Трудово право
Трговско право
Законодавна пракса
Нотар/нотарска пракса

## 4 НАУКА, МАТЕМАТИКА И КОМПЈУТЕРИ

### 421 Биологија и биохемија

**Биологија и биохемија** е студија за структурата, функциите, репродукцијата, развојот, еволуцијата и однесувањето на сите живи организми. Вклучува биолошки и студии поврзани со биологијата, како и студија за хемијата на живите организми. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Биологија
Биохемија
Ботаника

Генетика
Фармација
Токсикологија
Зоологија

Вклучува:

Студиите за хемиски процеси во живите организми (биохемија, токсикологија, фармација и сл.) се вклучени во ова поле.

Исклучува:

Студијата за животната средина која претставува однос меѓу живите организми и средината, е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 422 "Наука за животната средина".

**422 Наука за животната средина**

**Наука за животната средина** е студија за меѓусебниот однос на живите организми како и нивниот однос кон животната средина. Програмите тука се класифицираат според следната главна содржина:

Екологија
Наука за животната средина

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за биологија и токсикологија и е вклучена во полето 421 "Наука за животот- биологија и биохемија".

**440 Физички науки (широки програми)**

**Физички науки (широки програми)** е студија за физичките науки без специјализирање во некое од деталзираните полиња. Овде се класифицирани широките програми во рамките на физичките науки.

**441 Физика**

**Физика** е студија за особините и интеракциите на материјата и енергијата. Вклучува студија за астрономијата и наука за вселената. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Физика
Астрономија
Наука за вселената
Оптика

Исклучува:

Од ова поле е исклучена "Оптичката пракса" и е вклучена во полето 725 "Лекарски дијагнози и технолошки третман".

**442 Хемија**

**Хемијата** е студија за супстанциите и нивните составни делови и како тие реагираат кога се комбинираат. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Хемија
Органска хемија

Исклучува:

Од ова поле е исклучена биохемијата и е вклучена во полето 412 "Наука за животот-биологија и биохемија".

**443 Наука за земјата-земјината топка**

**Науката за земјата-земјината топка** е студија за составот и структурата на земјата вклучувајќи ја хидросферата и атмосферата. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука за земјата
Географија
Геологија
Метеорологија
Океанографија
Сеизмологија

Исклучува:

Социјалната географија е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 312 "Социологија и студии за културата".

**461 Математика**

**Математика** е студија за апстрактниот дедуктивен систем. Вклучува алгебра, аритметика, геометрија, реални и комплексни анализи и применета математика. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Математика
Алгебра
Геометрија
Нумерички анализи

**462 Статистика**

**Статистика** е студија која се состои од собирање, опишување, средување и анализа на нумерички податоци. Тука се вклучени студијата за теорија на веројатноста и актуарство. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Математичка (теоретска) статистика
Применета статистика
Теорија на веројатност
Истражување на примерок
Актуарство

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за применети статистики.

Студијата за математичка (теоретска) статистика исто така е вклучена во ова поле.

Исклучува:

Студијата за демографија/население е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 312 "Социологија и студии за културата".

**481 Информатика**

**Информатиката** е студија за проектирање и развој на компјутерскиот систем и кибернетиката. Вклучува студија за проектирање, поддржување и интеграција на софтверот и неговата примена. Програмите тука се класифицирани според следната главна соджина:

Информатика
Компјутерско програмирање
Анализи
Дизајнирање
Мрежно поврзување
Операциони системи
Програмски јазици

Исклучува:

Компјутерското инженерство (хардверот) е исклучен од ова поле и е вклучен во полето 523 "Електроника и автоматика".

Програмите за употреба на компјутерските апликации се исто така исклучени од ова поле и се вклучени во полето 482 "Употреба на компјутери"

**482 Употреба на компјутери**

**Употребата на компјутери** е студија за користењето на компјутерите и компјутерскиот софтвер и апликациите за различни цели. Овие образовни програми најчесто се со кратко времетраење. Програмите тука се класифицирани според следната главна соджина:

Работење-употреба на компјутер
Софтвер за пресметување
Софтвер за обработка на податоци
Софтвер за издавање на десктоп
Софтвер за стилизација
Употреба на Интернет

# 5 ИНЖЕНЕРИНГ, ПРОИЗВОДСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО

**520 Инженеринг и инженерски струки (широки програми)**

**Инженеринг и инженерски струки (широки програми)** е студија за инженерство и инженерски струки без специјализирање во некое од

деталзираните полиња. Програмите за обука тука се класифицирани според следната главна содржина:

Инженеринг
Индустриски програми за инженери
Одржување

**521 Механика и работа со метали**

**Механика и работа со метали (инженеринг и инженерски струки)** е студија која вклучува планирање, проектирање, развивање, производство, одржување и мониторинг на машини, механички постројки, механички системи и метални производи. Овде се вклучени и проектирањето и одржувањето на машините кои произведуваат стоки и услуги. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Механички инженеринг
Металуршки инженеринг
Програми за механички струки
Хидраулика
Работење со метален лим
Изработка на алати и гравирани метали
Заварување
Работа со отпадоци од метал и правење на калапи
Работа со метал и машини
Прецизна механика
Пушкарство и оружја

Исклучува:

Студијата за "механика на моторни средства и инженеринг" е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 525 "Моторни средства, бродови и авиони".

**522 Електрични системи и енергија**

**Електрични системи и енергија** (инженеринг и инженерски струки) е студија која вклучува инсталирање, одржување, поправка и откривање на грешки во електричните системи и опрема во домовите, трговските и индустриски установи. Овде е вклучено и инсталирање и одржување на мрежа за дистрибуција на надземна и подземна струја . **Енергија** е студија за создавање на енергијата. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Електричен инженеринг
Програми за електро струки
Стручни програми за ерокондишни
Стручни програми за загревање
Инсталирање и одржување на електрична енергија
Поправање на електрични уреди, апарати и алат
Програми за енергија

Производство на струја
Дистрибуција на гас
Нуклеарна, хидроулична и термо енергија

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за инсталирање, откривање на грешки и поправка на затоплувањето, еркондишните и опремата за фрижидери.

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за електричниот систем на превозните средства и е вклучено во полето 525 "Моторни возила, бродови и авиони".

**523 Електроника и автоматика**

**Електроника и автоматика** (инженеринг и инженерски струки) е студија која вклучува инсталирање, планирање, проектирање, одржување и мониторинг на електронската опрема, машини и системи. Вклучува проектирање на комјутери и опрема за комуникација. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Системи за комуникација
Електронски инженеринг
Контролен инженеринг
Дигитална технологија
Технологија за обработка на податоци
Поправка на компјутери
Инсталирање на опрема за комуницирање
Одржување на комуникациона опрема
Мрежна технологија
Електроника за радиопренос
Сервисирање на електрична опрема
Технологија на телекомуникации
Поправка на радио и ТВ апарати
Роботика

Исклучува:

Од ова поле е исклучена Информатиката (проектирање на комјутерски системи и софтверски апликации) и е вклучена во полето 481"Информатика".

**524 Хемиски процеси**

**Хемиски процеси** (инженеринг и инженерски струки) е студија која вклучува планирање, проектирање и развој на производи и процеси со хемиски и физички промени. Вклучува проектирање на хемиски постројки и контролни системи. Програмите тука се класифицирани според следната главна соржина:

Хемиски инженеринг

Технолошки процеси
Лабораториски технологии
Биохемиски технологии
Биотехнолошки инженеринг
Обработка на нафта /гас /петрохемикалии

Вклучува:

Во ова поле се вклучени програмите за лабораториска технологија ако не е нагласена нивната специфична примена.

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите за технологија во лабораторија со нагласена специфична примена (биолошка, медицинска и сл.) и се вклучени во соодветно поле (420, 725 и сл.).

Програмите со нагласено производство на специфични материјали се исклучени од ова поле како на пример: програмите за обработка на хартија би требало да бидат вклучени во полето 543 "Материјали" (дрво, хартија, пластика, стакло).

### 525 Моторни возила, бродови и авиони (инженеринг и инженерски струки)

**Моторни возила, бродови и авиони (инженеринг и инженерски струки)** е студија која вклучува проектирање, развој, производство, одржување, откривање на грешки, поправка и сервисирање на моторни возила вклучувајќи и земјоделски машини. Овде доаѓа до комбинација на студиите за метални структури и мотори. Програмите тука се класифицираат според следната главна содржина:

Изработка и поправка на моторни возила
Велосипедски инженеринг
Електрични инсталации во автомобили
Воздухопловен инженеринг
Одржување на авиони
Бродоградба
Пеглање на коли
Лакери/ Прскачи

Вклучува:

Студијата на електрични системи во моторните возила е вклучено во ова поле.

Исклучува:

Студијата за производство и поправка на безмоторни возила е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 521 "Механика и работа со метали" (на пр. велосипеди) или 543 "Материјали: дрво, хартија, пластика, стакло" (на пр. изработка на чамец без мотор)

### 540 Производство и преработка (широки програми)

**Производство и преработка (широки програми**) е студија за производство и преработка без специјализирање во некое од детализираните

полиња. Тука се класифицирани широките програми во рамките на производство и преработка.

**541 Преработка на храна**

**Преработка на храна** (производство и преработка) е студија за преработка и пакување на храна, напитоци, како и опрема и постапки кои се користат за производство и дистрибуција на храна. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука и технологија на храна
Преработка на храна и пијалоци
Преработка на месо
Производство на колачи и торти
Производство на колачи и торти
Производство на вино
Преработка на тутун
Конзервирање на храна
Млечни производи
Месара
Печење

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за припрема на храната и студијата за хигиена при подготовка на храната.

Исто така овде е вклучена и студијата за преработка на тутун.

Исклучува:

Ресторанитe и програмите за снабдување со храна се исклучени од ова поле и се вклучени во полето 811"Хотел, ресторан и снабдување со храна".

Науката за исхрана е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 726"Терапија и рехабилитација".

**542 Текстил, облека, обувки, кожа**

**Текстил, облека, обувки, кожа** (производство и преработка) е студија за производство на текстил, текстилни и кожни производи, облека, обувки и други слични производи. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Стручни програми за текстил
Производство на облека
Кроење
Шиење
Производство на кожа и крзно
Изработка на производи од кожа
Изработка на крзнени производи
Седлар
Тапацирање
Ткаење(индустриско)

Предење
Преработка на волна

Исклучува:

Од ова поле се исклучени програмите за занаети (ткаење, везење и сл.) и се вклучени во полето 215"Умешност и вештини".

**543 Материјали (дрво, хартија, пластика, стакло)**

**Материјали** (производство и преработка) е студија за производство и преработка на дрво, хартија, пластика, стакло и други материјали како што се камен, глина, вештачки материјали и сл. Програмите кои се вклучени овде мораат да посветат поголемо внимание на специфичните материјали отколку на општото техничко знаење. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Стручни програми за работа со дрво
Дрводелство
Технологија на градежно дрво
Изградба на бараки
Стругање на дрво
Изработка на мебел
Производство и преработка на хартија
Изградба на бродови (без мотор)
Производство на гума и каучук
Производство на пластични производи
Работење со стакло (индустриско)
Керамика (индустриска)
Индустриско производство на скапоцени камења

Исклучува:

Студијата за работа со метали е исклучена од ова поле и е влучена во полето 521 "Механика и работа со метали.

Студијата за дрводелство и столарија е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 582 "Изградба и градежништво".

Студијата за хемиски процеси воопшто е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 524 "Хемиски процеси".

Студијата за печатење и подврзување на книги е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 213 "Аудио-визуелни техники и медиа продукција".

Програмите за занаети (умешност и вештини со стакло) се исклучени од ова поле и се вклучени во полето 215 "Умешност и вештини".

**544 Рударство и екстракција**

**Рударство и екстракција** (производство и преработка) е студија која вклучува планирање, екстракција, проценување и раководење со извадените минерали, нафта и гас од земјата. Програмите тука се класифицираат според следната главна содржина:

Технологија на минерали

Вадење на сурови материи
Вадење на нафта и гас
Јагленокоп

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за металуршки инженеринг и е вклучена во полето 521 "Механика и работа со метали".

Студијата за геологија е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 443"Наука за земјата".

**581 Архитектура и урбанизам**

**Архитектура** е студија за науката, и уметноста на проектирање на градбата. Таа вклучува две крајности: темелна структура и функционална и економска ефективност на градбата како и естетскиот аспект. **Урбанизам** е студија за регулиран пораст и подобрување на градовите од два аспекта: функционален и естетски. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Архитектура
Архитектонско урбанистичко планирање и проектирање
Проектирање на градби
Урбанизам и урбанистичко планирање
Планирање на локално ниво
Планирање на ниво на град, регион и држава
Архитектура на просторот
Структурна архитектура
Истражување
Истражување на земјата /картографија

Вклучува:

Студијата за картографија и истражување е вклучена во ова поле.

Исклучува:

Студијата за ентериери-внатрешен дизајн е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 214 "Дизајн".

Проектирањето и изведбата на парковите и градините е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 622 "Градинарство".

**582 Изградба и граѓански инжинеринг**

**Изградба** е студија за науката, технологијата и техниките на планирање, подигање и одржување на јавни, трговски, индустриски и станбени објекти и нивно вклопување со останатата инфраструктура. **Граѓански инженеринг** е студија за планирање, проектирање, тестирање, и раководење со изградбата на големи станбени комплекси и згради, вклучувајќи транспортни системи, водовод, канализација и сл. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Технологија на изградба
Конструкција на згради

Градежништво (цивилно)
Ѕидарство
Покривање на ѕидови и подови (занатски работи)
Масонерија и поставување на керамиди
Бојадисување ѕидови и тапетарство
Малтерисување
Водоинталатерство и инсталации
Водовод и канализација
Вентилација
Дрводелство и столарија (изградба)
Изградба на пристапни патишта
Конструкција на мост
Градба со метални конструкции и работа со метали
Пристаниште (изградба)

Исклучува:

Од ова поле е исклучено инсталирањето на струјата и е вклучена во полето 522 "Електрични системи и енергија". Слично на ова, и инсталирањето и поправката на системи за топлина, ладење-еркондишните и фрижидерите е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 522 "Електрични системи и енергија".

# 6 ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ВЕТЕРИНА

## 620 Земјоделие, шумарство и риболов (широки програми)

**Земјоделие, шумарство и риболов (широки програми)** е студија за земјоделелие, шумарство и риболов без специјализирање во некое од детализираните полиња. Овде се класифицирани широките програми во рамките на земјоделието, лов и риболов.

## 621 Поледелство и сточарство

**Поледелство и сточарство** е студија на подигнувањето, одгледувањето и собирањето на приносите во земјоделието, како и подигањето, одгледувањето, пасењето и чувањето на домашните животни. Овде се вклучено и управувањето и одржувањето на фарми и производство на земјоделски и животински производи (непреработени). Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука за земјоделието
Наука за почвата
Агрономија и приноси (жетва)
Принос од земјоделски добра
Обработување на земјата
Садење на растенија (плантажи)

Одгледување на семиња
Одгледување на 'рж и пченица
Одгледување на винова лоза
Сточарство
Свињарство
Овчарство
Живинарство
Одгледување на коњи
Одгледување на кучиња
Раководење со фарма и ранч

Вклучува:

Во ова поле е вклучена науката за почвата, нејзината плодност и техниките на наводнување.

Овде е вклучена и студијата за зголемување на приносите како на пр. овошје и зеленчук .

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за производство на вино и е вклучена во полето 541 "Преработка на овошје".

Трките со коњи (џокејарството) е исклучено од ова поле и е вклучено во полето 813 "Спорт".

**622 Градинарство**

**Градинарство** е студија за технологија и уредување на градини, методи кои се применуваат кај стаклените бавчи, уредување на расадници, озеленување на зелени површини и сл. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Градинарство
Техники на градинарство
Цвеќарство
Озеленување на зелени површини (тревници)
Уредување на расадници

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за проектирање и урбанизам на градини и паркови.

Програмите за градинарство комбинирајќи цвеќарство и одгледување на зеленчук се вклучени исто така.

Исклучува:

Студијата за пораст на приносите (пченица, ориз, овошје, зеленчук) е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 621"Поледелство и сточарство".

Студијата за наука за почвата, нејзината плодност и техниките на наводнување е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 621 "Поледелство и сточарство ".

Од ова поле е исклучена студијата за уредување на националните паркови и вклучена е во полето 852 "Природна средина и национални паркови-резервати".

Студијата за уметничка архитектура е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 581 "Архитектура и урбанизам".

**623 Шумарство**

**Шумарство** е студија која вклучува создавање-садење, одгледување и уредување на шумите, како и собирање на плодови. Вклучува и студија за ловење и поставување на стапици. Програмите се класифицирани според следната главна содржина:

Шумарство
Чување на шуми
Техники за шумски плодови
Ловење и поставување на стапици

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за уредување на националните паркови и е вклучена во полето 852 "Природни средини и национални паркови-резервати".

Техниката за градежништво е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 543 "Материјали" (дрво, хартија, пластика, стакло).

**624 Риболов**

**Риболов** е студија за одгледување, размножување и ловење на риба и друга морска храна. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука и техника за риболовот
Одгледување на риби (во рибници)
Рибарење
Одгледување на школки

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за управување со рибарски бродчиња.

Исклучува:

Од ова поле е исклучена студијата за индустриска преработка на рибата и е вклучена во полето 541 "Преработка на храна".

**640 Ветерина**

**Ветерина** е студија која опфаќа превентива, дијагностика, лекување на повреди и болести кај животните како и водење грижа за нивното општо здравје. Во ова поле е вклучена студијата за грижа на болни, повредени и немоќни животни и нивното лекување во ветеринарна болница. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука за ветерина

Ветеринарна медицина
Ветеринарен асистент
Здравствена грижа за животни
Репродукција на животни

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за репродукција на животните.

Исклучува:

Студијата за одгледување на животните е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 621 "Поледелство и сточарство".

# 7 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛА

## 720 Здравство (широки програми)

**Здравство (широки програми**) е студија за здравјето без специјализирање во некое од детализираните полиња. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Здравје
Програми за здравје за пошироката јавност

## 721 Медицина

**Медицина** е студија за принципите и постапките кои се користат за превентива, дијагностика, грижа и третман со болни, повредени како и зачувување и одржување на општото здравје. Во принцип ова поле содржи обука за доктори и физикални терапевти. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Наука за медицина
Медицина
Општа медицина
Медицинска пракса
Педијатрија
Гинекологија
Хирургија
Обука за физикални терапевти/доктори

## 723 Нега и грижа

**Нега и грижа** е студија која обезбедува здравствена заштита на болни, неспособни или немоќни лица од страна на физиотерапеути и стручни лекари со своите професионални дијагнози и третмани. Во рамките на негата, големо внимание е посветено на поддршката и здравствената грижа за времетраењето на болеста и рехабилитацијата. Овде е вклучена и грижата за

стари и неспособни лица. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Помош -нега
Основна медицинска нега
Грижа за стари лица
Грижа за неспособни лица
Програми за здравствена заштита
Хигиена и нега нај децата
Акушерство
Негувателска помош/ уредност
Психијатриска помош-нега

Вклучува:

Во ова поле се вклучени заедно програмите за здравствена и социјална грижа, на пример, за стари лица.

Исклучува:

Од ова поле е исклучена ветеринарската нега и е вклучена во полето 640 "Ветерина".

Грижата за забите е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 724 "Стоматолошки студии".

Грижата за децата (ако не е здравствена) е исклучена од ова поле и е вклучена во полето 761 "Грижа за деца и младинци".

### 724 Стоматолошки студии

**Стоматолошки студии** е студија која вклучува дијагноза, превентива и третман на болести и неправилности кај забите и вилиците. Вклучува студија за обликување, изработка и поправка на забни протези и ортодонтски помагала. Исто така тука е вклучена е и студија за асистирање на стоматолозите. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Стоматологија
Асистирање во стоматологијата
Нега на забите
Стоматолошка лабораториска технологија
Стоматолошка хирургија
Одонтологија
Ортоденција
Хигиена на забите

Вклучува:

Во ова поле е вклучена студијата за хигиена на забите.

### 725 Медицински дијагнози и тремани

**Медицински дијагнози и третмани** е студија која опфаќа голем број технологии кои се користат за дијагноза и третман на болни и

хендикепирани лица. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Амбулантска технологија
Медицинско лабораториска технологија
Радиолошка технологија
Радиолошка терапија
Технологија на апарати за слух
Оптичка технологија
Протетичка технологија
Технологија со X-зраци

Вклучува:

Во ова поле е вклучена медицинско лабораториската технологија.

Исклучува:

Студијата за лабораториска технилогија ако не е нагласена медицината е исклучена од ова поле . Општата лабораториска технологија е вклучена во полето 524 "Хемиски процеси". Лабораториската технологија со нагласена специфична употреба (биологија, физика, хемија и др.) е вклучена во соодветно поле (421, 441, 442 и сл.).

Студијата за технологија во стоматологијата е исклучена од ова поле и е вклучена во полето724 "Стоматолошки студии".

### 726 Терапија и рехабилитација

**Терапија и рехабилитација** е студија за обновување на нормалните телесни способности, за оние кои се привремено или постојано онеспособени. Програмите тука се класифицирани според следната главна содржина:

Физиотерапија
Рехабилитација
Диетални програми
Медицински масажи
Исхрана / диети
Стручна терапија
Говорна терапија

Вклучува:

